# СОУ „КОЧО РАЦИН“ СВЕТИ НИКОЛЕ

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

2023 година

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ТИМ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА | 5 |
| ПОДРАЧЈЕ 1. Наставни планови и програми | 6 |
| Индикатор 1.1. Реализација на наставните планови и програми | 7 |
| Индикатор 1.2. Квалитет на наставните планови и програми | 12 |
| Индикатор 1.3. Воннаставни активности | 17 |
| ПОДРАЧЈЕ 2. Постигања на учениците | 24 |
| Индикатор 2.1. Постигања на учениците | 25 |
| Индикатор 2.2. Задржување / осипување на учениците | 40 |
| Индикатор 2.3. Повторување на учениците | 41 |
| ПОДРАЧЈЕ 3. Учење и настава | 44 |
| Индикатор 3.1. Планирања на наставниците | 45 |
| Индикатор 3.2. Наставен процес | 47 |

Индикатор 3.3. Искуства на учениците од учењето 48

Индикатор 3.4. Задоволување на потребите на учениците 49

Индикатор 3.5. Оценувањето како дел од наставата 50

Индикатор 3.6. Известување за напредокот на учениците 52

ПОДРАЧЈЕ 4. Поддршка на учениците 59

Индикатор 4.1. Севкупна грижа за учениците 60

Индикатор 4.2. Здравје 65

Индикатор 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците 66

Индикатор 4.4. Следење на напредокот 68

ПОДРАЧЈЕ 5. Училишна клима и односи во училиштето 76

Индикатор 5.1. Училишна клима и односи во училиштето 77

Индикатор 5.2. Промовирање на постигањата 79

Индикатор 5.3. Еднаквост и правичност 80

Индикатор 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница 83

ПОДРАЧЈЕ 6. Ресурси 88

Индикатор 6.1. Сместување и просторни капацитети 89

Индикатор 6.2. Наставни средства и материјали 94

Индикатор 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар 96

Индикатор 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар 98

Индикатор 6.5. Финансиско работење во училиштето 101

ПОДРАЧЈЕ 7. Управување, раководење и креирање политика 109

Индикатор 7.1. Управување и раководење со училиштето 110

Индикатор 7.2. Цели и креирање на училишната политика 112

Индикатор 7.3. Развојно планирање 116

ПРЕДЛОГ-МЕРКИ 135

ИЗВЕШТАЈ ПО ИЗВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА 137

## ТИМ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

**Николов Игор**

**Митрова Зојица**

**Трајкова Соња**

**Здравкова Сунчица**

**Маркова Ангела**

**Лазева Митева Оливера**

**Јасмина Тодосовска**

**Панев Ристе**

## Подрачје 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

Оддели во рамките на подрачјето:

### 1.1 Реализација на наставните планови и програми

### 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

### 1.3 Вонаставни активности

## Подрачје 1.НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

### ***1 .1. Организација на наставните планови и програми***

| Прегледани документи | Собрани податоци |
|---|---|
| ✓ Наставни планови и програми донесени од страна на МОН<br>✓ Годишни распределенија подготвени од наставниците<br>✓ Тематски распределенија<br>✓ Дневни оперативни подготовки за наставни часови | Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми за гимназиското образование донесени од страна на МОН.Во делот на стручното образование се реализира настава по програми за средно стручно образование а во рамките на истите и програми за дуално образование.Истото се базира на потребите на реалниот сектор.Како резултат на овој позитивен тренд нашето училиште им овозможува на идните средношколци да изберат дуален систем на образование во следните сектори/струки (Земјоделство,рибарство и ветеринарство,машинство ,хемија и технологија) и квалификации/профили (техничар по ветеринарна медицина,техничар за агроменаџмент,машински техничар за моторни возила, агротехничар, прехрамбен техничар) Во насока на подобро спроведување на програмата од дуалното образование училиштето |

- ✓ Е-дневник
- ✓ Педагошка евиденција и документација
- ✓ Нормативни акти на училиштето
- ✓ Годишна програма на училиштето
- ✓ Записници од родителски совети, совети на паралелките, родителски средби, индивидуални и групни разговори
- ✓ Записници од училишен одбор
- ✓ Записници од работа на стрчни активи
- ✓ Записници од работата на наставнички совет
- ✓ Програми за деца со посебни потреби
- ✓ Извештаи од одржани

има потпишано меморандуми за соработка со реномирани компании од општината како ДОО ,,МИК",ДООЕЛ, ,Шиткарски",ДОО ,,Лион" .За наставниците ова е можност за професионален развој и е многу значајно бидејќи на тој начин се подобрува образовниот процес во целост.Учениците стекнуваат и усовршуваат практики и вештини со кои ке бидат конкурентни на пазарот на труд.Овој систем им обезбедува образование кое гарантира нивно вработување во компаниите во кои ја реализираат практичната настава.Секако постои можност и за отварање на сопствен бизнис.

Исто така се врши  прилагодување на наставната програма по спорт и спортски активности поради недостаток на услови во зимскиот период.  Училиштето има аплицирано со свои проекти во програмата на МОН за доделување на грантови за финансирање на проекти за реализација на практичната настава во склоп на училиштата а има и покренато иницијатива за воведување на профил агротехничар за органско и традиционално производство). Исто и професорите по спорт и спортски активности имаат аплицирано на проекти за обезбедување на средства за балон сала, опрема за корективна гимнастика и адаптирање на училишен простор во сала за лица со посебни потреби, меѓутоа засега без успех. Училиштето работи постојано на подобрување на условите, особено во делот на подобрување на реализирање на практичната настава и изнаоѓање на компании каде ке се реализира истата. Мегутоа останува забелешката од професорите по практична настава дека недостасуваат наставни и нагледни средства, механизација, опрема, но и просторните услови се недоволно

десиминации

- ✓ Флаери и друг рекламен матријал
- ✓ Стручни упатства и насоки за реализација на програми од витален национален и животен интерес
- ✓ Портфолија на наставниците
- ✓ Покани за семинари

адаптирани за целосно реализирање на практичната настава. Од друга страна по концептот на дуалното образование наставниците се задоволни со бројот на предвидени часови за практична настава и сметаат дека програмите од дуалното образование ги следат актуелните случувања и напредокот во областа во која ја реализираат практичната настава.

Секој непосреден извршител (предметен наставник) има навреме доставени годишни и тематски распределенија во портфолиото кое е сместено во просторијата за стручна служба.

Дневните оперативни подготовки се обврска на секој извршител за секој наставен час и на увид на секој задолжен за следење и реализација на наставната програма.

Е-дневникот се ажурира благовремено од страна на сите непосредни извршители (кл.раководител, предметни наставници, стручна служба). Во училиштето се формирани тимови за следење на целосното и навремено ажурирање.

Педагошката евиденција и докумументација се ажурира во согласност со законските и нормативни акти, како и согласно календарот за работа излезен во службен весник.

Наставниците редовно планираат и реализираат ИКТ во наставата и секој наставник во својата годишна програма за настава планира минимум 30% од

вкупниот број на часови кои се проследени со ИКТ.

Наставните планови и програми целосно и задолжително се достапни на :

-Наставниците - преку наставнички совет, стручни активи, активи на години, стручна служба

-Родителите – преку родителски средби, индивидуални и групни разговори, ,јавни конкурси, флаери, усмени и видео-презентации и сл.

- Учениците – преку класните часови, воведни предавања на почетокот на учебната година, усмени и видео-презентации, индивидуални и групни разговори, флаери , локалните медиуми и сл.

Учениците од стручното образование во текот на учебната година реализираат практична настава во соработка со локалната заедница, социјални партнери и бизнис секторот. Училиштето го искористува се она што може да го понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи ,а со тоа квалификување на учениците со применливи знаења т.е оспособување за извршување на определени работни задачи во зависност од образовниот профил, но и подигање на степенот на социјализација и културното ниво на учениците. Во годишната програма во подрачјето соработка со локалната средина програмски ги прилагодуваме наставните содржини за општествено корисна работа, манифестации оранизирани за одбележување на историски и културни дати од блиската и подалечната историја на македонскиот народ,

целосна соработка со ОО на Црвениот крс, Доброволното противпожарно друштво,Домот на културата ,,Крсте Петков Мисирков,, Организацијата на жени и останатите институции кои ја збогатуваат образовно – воспитната функција . Со тоа учениците стануваат совесни и одговорни чинители на заедницата.

Според анкетата направена помеѓу наставниците и учениците дојдовме до информации за начинот на избор на СПУ, изборните предмети и изборните подрачја. На крајот на секоја учебна година учениците прават избор (за проектните активности и содржините планирани од училиштето СПУ во соработка со локалната средина) а на крајот на втора година учениците добиваат листи за избор на предмети и подрачја . Изборот се врши заедно со родителите и стручната служба.

Во нашето училиште има вклучено три ученика со посебни потреби, еден во гимназиско и двајца во стручното образование. Наставниот план и програма по која се работи со учениците со посебни образовни потрби е прилагодена и адаптирана на нивните можности и способности. За секој наставен предмет има прилагодено индивидуален образовен план (ИОП). Во воспитно образовниот процес учениците со посебни образовни потреби имаат постојана поддршка од Директорот, стручната служба (психолог, педагог и социолог), предметните наставници, учениците од класот, координаторот на инклузивниот тим и родителите. Во нашето училиште постои инклузивна клима која придонесува воспитно-образовниот процес да се одвива во целост за учениците со посебни

образовни потреби.Зголемениот број на вакви ученици во наставата ја наметнува потребата од вклучување на дефектолог во работата со истите.

Записниците од одржаните состаноци на совет на родители и ученичката заедница покажуваат дека и родителите и учениците се вклучени во работата на училиштето, но воглавно во воннаставните активности. Многу малку или воопшто да нема дискусии или иницијативи за начините на реализирање и квалитетот на наставните планови и програми. Анкетите покажуваат дека и родителите и учениците, па дури и најголемиот дел од професорите се изјасниле дека нема начин да влијаат на реализирањето на наставните планови и програми. Заеднички став е дека не можат да имаат влијание на нешто што е законски пропишано од страна на Министерството за образование и наука.

Сепак за пофалба е иницијативата за воведување на профил агротехничар за органско и традиционално производство.

Наставниците редовно учествуваат на обуки и семинари организирани од БРО и ЦСОО.

Во насока на јакнење на еколошката свест кај учениците функционира ,,ЕКО – одбор во училиштето со своја годишна програма за работа,а наставниците внесуваат еко содржини во своите наставни планови .

## ***1.2. Квалитет на наставните планови и програми***

| Прегледани документи | Собрани податоци |
| --- | --- |
| ✓ Наставни планови и програми<br>✓ Дневни оперативни подготовки<br>✓ Уверенија за посета на семинари<br>✓ Портфолио на наставник<br>✓ Тематски планирања<br>✓ Одделенски книги (дневник)<br>✓ Записници од активи на наставници<br>✓ Записници од родителски средби<br>✓ Записници од наставнички совети | Наставниците најчесто самостојно ги изработуваат плановите на работа следејќи ги наставните планови и програми добиени од Бирото за развој на образованието (БРО) и Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО). Дополнителни насоки во планирањето и осовременувањето на наставните планови и програми наставниците добиваат преку учество на семинари, работилници, проекти, советувања, поддршка од страна на стручниот актив по соодветните предмети и струки.<br><br>Сепак, секој наставник се труди да го прилагоди Наставниот план и програма, според контекстот во кој го реализира (просторни услови, инвентар, број на ученици во паралелката, интерес, иницијативност и вклученост на учениците и сл.). За таа цел, наставникот, меѓу другото, се потпира на упатствата и поддршката од страна на стручната служба во училиштето (педагог, психолог, социолог) што се гледа од одговорите добиени од анкетниот прашалник, како и од усните интервјуа со репрезентативен дел од наставничката популација одбран по случаен избор. Поддршката се дава во форма на упатства и помош при изготвувањето на годишните и тематските планирања, дневните подготовки за наставен час, дополнителната и додатната програма, програмата за воннаставни активности кои се поврзани со наставните содржини, програмата за соработка со родителите и сл. И наставниците и членовите на стручната служба се согласија дека би можела да се унапреди поддршката за изработка на |

| | |
|---|---|
| ✓ Годишни извештаи за работата на училиштето | планирањата за мултиетничкото интегрирано образование (МИО) и неговата корелација со реализацијата на Наставните планови и програми. Засега секој од наставниците по свое видување внасува МИО онаму кај што ке проценат дека програмата тоа го дозволува.<br><br>Можности за интегративен пристап во реализацијата на содржините постојат. Се чини дека недоволната искористеност на ваквиот пристап е резултат на начинот на кој е организирана наставата. Имено, наставниците имаат сопствени часови кои треба да бидат одржани, па не се во можност да бидат присутни на часот на колегата истовремено. Учениците се преоптоварени со регуларните часови (седми, понекогаш и осми час), па останувањето подоцна на училиште со цел да се реализираат заеднички интегрирани пристапи во наставата е отежнато. Сепак ова не е целосна пречка. Наставниците си помагаат меѓусебно при реализацијата на градивото преку лични разговори, советувања, делење стручна литература, помош во изработката на подготовките итн.<br><br>Наставните планови и програми (особено од општествено-хуманистичките предмети и јазиците), предвидуваат реализација на содржини поврзани со родови прашања, етницитет, дискриминација, предрасуди и стереотипи, разни форми на општествена интеракција како: соработка, натпревар, конфликт. Наставните програми по психологија, социологија, етика и граѓанско образование опфаќаат прашања за причините за настанување конфликти, начини на превенција, разрешување на конфликтите и сл. По предметот филозофија, етика, педагогија, психологија и граѓанско образование се говори и |

за градењето самодоверба, а социологијата, како и граѓанското образование и историјата се занимаваат со прашањето за моќта, власта, авторитетот и во тој контекст со раководењето. Сите горенаведени прашања се предвидени во Наставните планови и програми и по македонски јазик и литература, како и странските јазици. Личниот и општествениот развој се аспекти кои наставните програми на некои предмети ги земаат во предвид, но наставниците по природни науки (кои го немаат ова како прашање за реализација во наставата), работат на личниот и општествениот развој на учениците преку ангажираноста со личниот пример (во однесувањето и дејствувањето), преку отвореноста за разговори поврзани со прашања од оваа област за кои учениците им се обраќаат, преку ангажирањето во класното раководство, соработката со родителите итн.

Болестите на зависност, грижата за репродуктивното здравје на младите (ХИВ/СИДА и останатите сексуално преносливи инфекции), прашањата за родовите улоги и борбата за еднаквост и општествена рамноправност повторно се теми кои се предвидени за обработка претежно во наставните планови и програми кај општествено-хуманистичките науки и јазиците, но свој придонес овде даваат и природните науки како: биологија, хемија, физиологија, анатомија итн. Горенаведените теми се предвидени и како активности во годишната програма за работата на педагогот, психологот и социологот , а дел од нив имаат и реализација во текот на годината. Се чини дека реализацијата на ваквите предвидени активности може да се подобри во насока на поголема

практичност (работилници, дискусии и дебати, интерактивни предавања, иницијативи од ученици и сл), наспроти претежно застапеното едуцирање преку просто, фронтално пренесување знаења во форма на предавања на класен час или специјално подготвени предавања за таа намена.

Учениците во спроведената акета се изјасниле дека во училиштето недоволно се организираат дебати за општествени прашања, како: човековите права, слободи и одговорности, социјалните движења, општествените промени, глобализацијата, власта и владеењето, сиромаштијата, општествената исклученост, малолетничката деликвенција и други општествени патологии, еколошките прашања, одржливиот развој, популационата политика,сексуално образование,болести на зависност,сексуално преносливи болести,подигање на свеста за зачувување на сопственото здравје, еко свест итн.

.Учениците се вклучени во разни воннаставни активнсти, активна практиканска работа во реални компании , проектни активности, истражувачки задачи и работилници по различни наставни предмети преку кои кај нив се развива чувство за тимска работа, меѓусебна соработка и преземање иницијатива за разрешување на проблемски ситуации. Наставните програми овозможуваат кај учениците да се поттикне свеста и критичкото мислење, истражувачкиот дух и креативност. Во постоечката корелација во наставата учениците согледуваат и применуваат знаења од еден предмет во друг, каде истотака при наставата се користат различни методи, техники и форми.Анкетираните ученици во најголема

мера се изјасниле дека формите и методите што ги користат наставниците во реализирање на наставните програми целосно или делумно даваат простор за нивно истакнување и им овозможуваат развој на нивните способности.

Тимот спроведе анкета над 34 вработени професори во нашето училиште ,а резултатите по одделни прашања се дадени во продолжение.

96% од наставниците сметаат дека постои утврдена процедура за следење на планирањата на наставниците од страна на директорот и стручната служба.

98% од наставниците навремено и целосно ги информирале учениците за наставните планови и програми што ги предаваат.

97% од наставниците сметаат дека годишните ,тематските и дневните планирања ги содржат сите неопходни елементи за успешна подготовка за реализација на наставата.

46% од наставниците се изјасниле дека вршат консултации по стручните активи и активите по години при изработката на наставните планови ( останатите одговориле не или делумно).

24% од наставниците одговориле дека имаат соработка со колеги во насока на унапредување на интегрираното учење.

54% од наставниците сметаат дека наставните планови и програми се прилагодени на возраста и способностите на учениците(останатите одговориле

не или делумно)

44% од наставниците сметаат дека училиштето ги прилагодува наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина.

16% од наставниците се изјасниле дека нивниот стручен актив досега има покренато иницијатива до БРО и ЦСОО за измени и дополнувања на некој наставен план и програма.

32% од наставниците се изјасниле дека наставните програми (во стручното образование) се прилагодени на потребите на пазарот на трудот

46% од наставниците сметаат дека наставните планови и програми нудат добра подготовка за старт во високото образование(останатите одговориле не или делумно)

26% од наставниците одговориле дека учебниците(понудени од БРО)се целосно соодветни за реализирање на нивните наставни програми(останатите одговориле со не или делумно)

3% од наставниците одговориле дека досега биле вклучени во процес на изготвување на наставни планови и програми.

3% од наставниците одговориле дека биле вклучени во процес на изработка на учебници за потребите на постоечките наставни програми.

Сумираните резултати наговестуваат дека има потреба од извесни промени во наставните планови и програми т.е нивно осовременување ,проблематика за која се надлежни МОН, БРО и ЦСОО, меѓутоа и дека треба да се зголеми подршката за стручните активи од страна на раководството на училиштето, БРО и ЦСОО за покренување на иницијативи за измени и дополнување на НПП.

## *1.3 Вон-наставни активности*

| Прегледани документи | Собрани податоци |
|---|---|
| ✓ Годишна програма за работа<br>✓ Годишен извештај за работата на училиштето<br>✓ Програми за дополнителна и додатна настава и други воннаставни активности | Училиштето планира и реализира воннаставни активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците но и се во корелација со наставните предмети како и СПУ и проектните активности во рамките на училиштето.<br><br>Училиштето прави напори што поголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставни активности во зависност од нивните желби и можности не исклучувајки ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус или од различен |

- ✓ Педагошка евиденција документација; Дипломи, признанија, пофалници од учество на Манифестации и натпревари
- ✓ Извештаи од учество на натпревари

иетникум.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор но дел од воннаставните активности се со согласност и од родителите како на пример Меѓуетничка интеграција во образованието.

Учениците со посебни потреби се вклучени воглавно во еко акции и активности од областа на хорти културното уредување.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и тие имаат водечка улога при изготвувањето на воннаставните активности, а наставниците ја имаат советодавната координативна улога.

Учениците, со помош и подршка од училиштето и наставниците, учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и национално ниво. Реализацијата на овие активности се одвива во соработка со локалната самоуправа, невладини организации, Црвен крст Свети Николе, ППД Св. Николе, Меѓународен Славјански Универзитет Свети Николе, Дом на културата Крсте Петков Мисирков во Свети Николе

Според извештајот на годишната работа на училиштето беа изреализирани следниве воннаставни активности

1.Учество на училишни,општински,регионални,државни и мегународни

натпревари

2. Учество во натпревари од областа на прва помош и заштита

3.Турнири во кошарка и фудбал

4. Новогодишен базар во соработка на МСУ-Г.Р.ДЕРЖАВИН-Свети Николе

5. Работилници против дискриминација во соработка со ОЖО Свети Николе

6. Еко активности во склоп на проектните активности

7. Инструкции во ориентација на простор во соработка со Извидничкиот одред во Свети Николе

8. Посети на театарски претстави,поетски вечери како и традиционална посета на Саем на книга

9. Филмско-филозофски фестивал со работилница во организација на МСУ-Г.Р.Державин-Свети Николе

10.Одбележување на Ден на здравата исхрана преку подготовка на здрава храна поставена на штандовите во рамки на училиштето

11.Континуирано учество во Крводарителски акции организирани од Црвен Крст Свети Николе

12.Учество во работилници Европски ден на граѓанско право како и Европски систем за финансиска ревизија

13.Учество во работилници за борба против трговија со луѓе

14. Учество во работилници од областа на психологијата

15.Континуирано учество во ликовни изложи организирани во рамките на Домот на културата во Свети Николе

16.Учество во дебата организирана од Канцеларијата на ЕУ во рамките на проектот ЕУ за тебе

Од горенаведените активности евидентно е дека училиштето остварува активна соработка со невладиниот сектор,други образовни институции како и со органите на МВР како и со локалната самоуправа. Со дел од овие организации како МСУ-Г.Р.ДЕРЖАВИН-Свети Николе, ОЖО Свети Николе и Дом на културата „Крсте Петков Мисирков“, училиштето има потпишано меморандум за соработка.

Во рамките на вонnаставните активности во училиштето се организираат училишни натпревари и преку нив се прави селекција на ученици за учество на општински, регионални, државни и мегународни натпревари. Наши ученици имаат врвни резултати и на меѓународни натпревари. Резултатите од натпреварите и учеството на наставниот кадар и учениците редовно се објавуваат во годишниот извештај за работа на училиштето.

Во рамките на воннаставните активности училиштето се почесто ги користи придобивките од ERASMUS+програмата. Се повеке ученици од училиштето се вклучуваат во ERASMUS+ програмата и земаат учество во реализирање на нејзини проекти во европските земји.

**23.07.2021-31.07.2021,Pogradec,Albania** Mobility of Youth Workers , Erasmus +,Learning Mobility Project Combating Hate Speech by Art and Creative Writing

**20-25 September,2021,Karaman, Turkey** Erasmus + ,K2 School Strategic partnership project

“Digi Classroom

**16-20th November ,2021,Riga Latvia** Training Activity of Erasmus + K2 Project “Culture Covers Values “

**13-17th December,2021,Osijek, Croatia** Short term exchange of students related to K2 Erasmus + project “Digi Classroom

**02-06 May 2022 Pakste, Estonia** Short term exchange of students related to K2 Erasmus + project “ Digi Classroom “

**06-10 June 2022,Aksaray, Turkey** Erasmus + K2 School Strategic Partnership project ,,Culture Covers Values

**25.07.2022-01.08.2022 Czestochowa ,Poland** Mobility of Youth Workers ,

Erasmus +,Learning Mobility Project

Empowering Rural Youth Organizations

**17-21 October , Olhao, Portugal** Erasmus + K2 School Strategic Partnership project ,,Culture Covers Values

**24-28 th October ,2022 Gran Canaria , Spain** Erasmus + Expert Mobility K1 VET project

**28 November-2nd December ,2022, Osijek , Croatia** Training Activity of Erasmus + K2 Project “Culture Covers Values “

**14-19 May,2023 Ohrid ,Republic of Macedonia** Erasmus + K2 School Strategic Partnership project ,,Culture Covers Values

Ова се само дел од проектите во кои наставници и ученици од нашето училиште беа активно вклучени. Главни придобивки се : промоција на училиштето во интернационални рамки,учениците стекнуваат квалитетни и професионални знаења ,ги учат културните обележја и знаменитости на партнер државите ,нивниот образовен систем а и дополнително ги развиваат своите јазични и комуникативни вештини.

**Подрачје 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

Резултати:

**Клучни јаки страни**

- ✓ Наставните планови и програми од МОН се реализираат според планот за реализација

- ✓ НПП се достапни за наставниците, учениците и родителите
- ✓ Учениците имаат целосна слобода за избор на програмски подрачја и проектни активности
- ✓ Во нашите наставни планови по одредени предмети постојат тематски целини или наставни единици кои го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло
- ✓ Училиштето врши прилагодување на наставните планови со потребите на локалната средина
- ✓ Училиштето овозможува посета на семинари и спроведува дисеминација
- ✓ Во воннаставните активности учениците земаат активно учество без разлика на пол, верска и национална припадност, се пронаоѓаат себе си како личности со нови афинитети од разни области, несебично се докажуваат преку своите знаења како теоретски така и практични, афирмирајки ја индивидуалната, а исто така и колективната моќ на заедницата во училштето
- ✓ Постои инклузивна клима која придонесува воспитно-образовниот процес да се одвива во целост за учениците со посебни образовни потреби.

**Клучни слаби страни**

Немање на целосно адаптирани услови за  реализирање на програмите по образовно работна практика

- ✓ Непостоење на мотивација за покренување на иницијативи за измени и дополнувања во постоечките НПП

- ✓ Немање на сопствен простор за реализирање на наставните програми по спорт и спортски активности во зимскиот период
- ✓ Недоволна застапеност на интегрираното учење во наставата
- ✓ Недоволен број на работилници,дебати,интерактивни предавања на тема превенција од дрога и други зависности,трговија со луге ,сексуално преносливи болести,како и други актуелни теми што се од интерес на младите
- ✓ Немање на дефектолог и асистенти за сите ученици со посебни потреби

**Подрачје:НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

*Анализа на резултатите:*

Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми во гимназиското образование. Стручното образование за застапените струки и профили кај нас наидува на одредени проблеми при реализацијата на програмата по образовно работна практика што со воведувањето на дуалните паралелки делумно се подобрува Сите наставници ги предаваат своите наставни планови и програми во пропишаниот временски рок. Педагошката евиденција и докумументација се ажурира во согласност со законските и нормативни акти , како и согласно календарот за работа излезен во сл.весник.

Училиштето изготвува акти кои допринесуваат за реализација на основната дејност ( воспитно – образовна), но и акти кои треба да ја подобрат работата во целост (инструменти за следење на наставата, анкетни листови и сл).

Во годишната програма во подрачјето соработка со локалната средина програмски ги прилагодуваме наставните содржини за општествено корисна работа како и за манифестации кои се оранизирани за одбележување на историски и културни манифестации.

Наставниците добиваат подршка за подобрување и осовременување на наставните планови и програми, преку семинари, проекти, работилници, советувања–интерни и организирани од БРО и ЦСОО. БРО и ЦСОО даваат подршка на наставниците и преку изготвени предлог програми и подготовки за час.

Интегративен пристап кон содржините на повеќе наставни предмети постои но тоа се случува главно индивидуално, бидејќи нема поконкретна соработка мегу наставниците кои предаваат различни предмети. Најчесто наставниците ја наведуваат корелацијата во планирањето но директна соработка изостанува.

Суминарите резултати од спроведената анкета наговестуваат дека има потреба од извесни промени во наставните планови и програми т.е нивно осовременување, проблематика за која се надлежни МОН,БРО и ЦСОО ,мегутоа и

дека треба да се зголеми подршката за стручните активи од страна на раководството на училиштето, БРО и ЦСОО за покренување на иницијативи за измени и дополнување на НПП.

Воннаставните активности во училиштето се взаемно поврзани со училишните,регионалните и државните натпревари бидејќи истите му овозможуваат на ученикот побрзо да напредува и се усоршува во одредени области .Овие активности се особено значајни и за подготвувањето на различни училишни манифестации кадешто учествуваат голем број на ученици. Се почесто и побројно е учеството на ученици и наставници во проекти од Erazmus+ програмата.

Иако локалната самоуправа е таа што дозволува егзистирање на одредени наставни профили и воведување на нови, сепак крајниот збор за функционирањето на наставните профили го има МОН кое често пати не се согласува со барањата на училиштето и локалната самоуправа.

*Приоритетни потподрачја*

- ✓ *Јакнање на соработката со бизнис секторот и аплицирање на проекти за обезбедување услови за целосно реализирање на програмите од образовно работната практика*
- ✓ *Организирање на предавања,работилници и дебати на теми актуелни за младите*
- ✓ *Покренување на иницијативи за измена и дополнување на наставните планови и програми упатени до БРО и ЦСОО*
- ✓ *Изработка и аплицирање со проекти во насока на обезбедување на простор за реализирање на*

*наставните планови и програми за спорт и спортски активности*

- ✓ *Унапредување на интегрираното учење во наставата*
- ✓ *Обезбедување на лични асистенти за учениците со посебни потреби како и училишен дефектолог.*

Потпис на членовите на комисијата:

1. ____________________________
2. ___________________________
3. ____________________________
4. _____________________________
5. _____________________________

## Подрачје 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оддели во рамките на подрачјето:

### 2.1. Постигања на учениците

### 2.2. Задржување/осипување на учениците

### 2.3. Повторување на учениците

**Подрачје 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

***2.1 Постигање на учениците***

Прегледани документи

- ✓ Портфолија на наставниците
- ✓ Дневници на паралелки
- ✓ Записници од состаноците на стручните активи;
- ✓ Акциони планови на стручни активи;
- ✓ Извештаи за реализирани обуки;
- ✓ Годишен извештај за воспитно образовната работа на училиштето 2021/22 и 2022/23 година
- ✓ Годишни, тематски и дневни подготовки
- ✓ Записници од стручни активи

Собрани податоци

Во училиштето се врши континуирано следење на постигањата на учениците во текот на наставниот процес, по сите наставни предмети во текот на целата учебна година, и по пол и етничка припадност и тоа по класификациони периоди.

90 % од наставниците имаат посетено обуки за оценување на учениците реализирани од страна на БРО. Тие вршат континуирано следење и евидентирање на постигнувањата и развојот на знаењата, на практичните вештини и умеења на учениците. За тоа користат различни наставни методи, форми техники на работа.

Оценувањето на учениците се врши согласно законските прописи: нумерички оцени и описни оцени за реализирање на одредена проектна активност и слободни часови на училиштето. Наставниците користат различни форми на оценување во кои применуваат инструменти како што се неформални тестови на знаења, наставни листови, чек листи, усни и писмени повратни информации, изработени проекти за напредокот на учениците.

Наставниците водат портфолија за постигањата и напредокот на учениците и истите им се достапни на родителите и учениците. Следењето и оценувањето на учениците се врши јавно, во кој се вклучени и учениците, користејќи стандарди за оценување пропишани од страна на БРО за секој наставен предмет.

Училиштето нуди информирање на родителите за постигнувањата на

- ✓ Пополнети инструменти од посетени часови
- ✓ Водење на педагошка евиденција
- ✓ Програма за работа на стручните соработници
- ✓ Електронски дневник
- ✓ Анкета со педагошката служба
- ✓ Анкета со наставници

учениците преку отворени денови за родителите секој прв понеделник во месецот, каде родителите имаат можност да разговараат со сите предметни наставници, како и онлајн родителски средби. Евидентните листови на учениците се доставуваат на родителите на родителските средби по завршувањето на секој класификационен период, како и секојдневно информирање на родителите преку електронски дневник.

Училиштето врши интерна споредба на постигањата на учениците по одредени предмети во различни паралелки, по наставни предмети од една учебна година во друга преку анализите и извештаите од тестовите на наставниците и забележаниот успех .

Наставниците изработуваат тестови според Блумовата таксономија и 90 % од наставниците вршат анализа на тестовите и користат инструменти како чек листа или друга пишана информација за известување на напредокот.

При формативните проверки ги одредуваат слабостите и позитивните делови од темите.

Сите наставници применуваат тематски тестови за следење на постигањата.

Наставниците применуваат саморефлексија на наставните содржини и единици.

Училиштето организира задолжителни слободни активности за сите заинтересирани ученици .

Активностите и постигањата на учениците се промовираат преку: училишни, регионални и државни натпревари, распишани конкурси на локално и државно ниво и во овој дел училиштето има остварено видливи резултати.

Постои одлична соработка со локалната заедница каде се организираат тематски трибини, работилници, часови, манифестации, обуки.

Училиштето има можност да го спореди успехот на учениците при премин од едно до друго образовно ниво во училиштето, но не врши следење и споредба на постигањата на учениците кои поминуваат во друг вид средно образование и високо образование.

Од анализа на постигањата на учениците е констатирано следново:

Вид на образование

| **Учебна година** | **2021/22** | **2022/23** |
|---|---|---|
| **Гимназиско образование** | 4,67 | 3,72 |
| **Стручно образование**<br>**Земјоделско ветеринарна струка**:<br>**Сектор: Земјоделство, рибарство и ветеринарство**<br>- техничар по ветеринарна медицина<br>-ветеринарен техничар<br>-техничар за агроменаџмент<br>-техничар за агроменаџмент<br>-агротехничар<br>-техничар за фитомедицина<br>-техничар за хортикултура | 3,40<br>4,10<br>4,54<br>3,27<br>2,72<br>/ | 4,23<br>3,22<br>3,55<br>4,20<br>3,40 |

| | | |
|---|---|---|
| **Прехрамбена струка:**<br>-техничар за преработка на месо и млеко | 3,65<br>/ | 3,45<br>/<br>3,38<br>/ |
| **Машинска струка:**<br>**Сектор машинство**<br>**- машински техничар за моторни возила**<br>-автотехничар- мехатроничар | <br><br>3,94<br>2,52 | <br><br>3,29<br>3,14 |

Средниот успех по струки е најголем во гимназиско образование, а најмал во машинската струка, автотехничар – мехатроничар. .Средниот успех на ниво на училиште бележи зголемување.

**Во учебната 2021/22 година**

- Успехот на учениците е најдобар во гимназиското образование, кој изнесува 4,67.
- Во стручното образование највисок е средниот успех кај техничар по ветеринарен техничар 4,54, а најмал кај автотехничар мехатроничар 2,52.

Во училиштето се врши анализа за постигнатиот успех по пол и етничка структура и вкупниот среден успех во паралелките.

Утврдено е :

**во гимназиско образование има :**

| Вкупно ученици | Машки 163 | Женски 192 | Одлични 228 | Мн.добри 93 | Добри 30 | Доволни 4 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **355** | 45,64% | 54,36% | 64,36% | 25,38% | 8,10% | 1,45% |

Најмногу има одлични ученици, и се води евиденција на постигнатиот успех по пол .

По етничка припадност:

| Вкупно ученици | Македонци | Турци | Власи |
|---|---|---|---|
| 355 | 349 | 2 | 3 |

**во стручното образование има**:

| Вкупно ученици | Машки 89 | Женски 49 | Одлични 38 | Мн.добри 26 | Добри 49 | Доволни 25 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 138 | 64,45% | 35,05% | 27,05% | 18,84% | 35,05% | 18.11% |

- По етничка припадност:

| Вкупно ученици | Македонци | Турци | Власи | Роми |
|---|---|---|---|---|
| 138 | 136 | 1 | 1 | / |

Се води анализа на постигањата на учениците по етничка припадност

**Постигнувања по струки во стручно образование 2021/22 година** :

| Струка | м % | ж % | Одлични % | Многу добри% | Добри % | Доволни % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Техничар по ветеринарна медицина | 60 | 40 | 40 | 60 | / | / |
| Ветеринарен техничар | 65,4 | 34,3 | 39,16 | 26,42 | 27,44 | 7,14 |
| Техничар за агроменаџмент | 18,46 | 81,02 | 17,12 | 53,23 | 13,10 | 15,25 |
| техничар за агроменаџмент | 63,40 | 36,13 | 47,20 | 21,35 | 31,21 | / |
| Агротехничар | 55 | 45 | / | / | 75 | 25 |
| Техничар за фитомедицина | 75 | 25 | / | / | 75 | 25 |
| Техничар за хортикултура | 22,31 | 77,69 | 22,16 | 24,18 | 39,12 | 14,20 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| техничар за преработка на месо и млеко | / | / | / | / | / | / |
| Машински техничар за моторни возила | 100 | 0 | 40,50 | 26,16 | 33,32 | / |
| автотехничар мехатроничар | 100 | 0 | 6,70 | 29,20 | 36,81 | 27,28 |

**Во учебната 2022/23 година**

- Успехот на учениците е најдобар во гимназиското образование, кој изнесува **3,72**
- Во стручното образование највисок е средниот успех кај техничар за агроменаџмент **4,20** , а најмал кај автотехничар мехатроничар **3,14.**

Во училиштето се врши анализа и за постигнатиот успех по пол и етничка структура, освен вкупниот среден успех во паралелките. Утврдено е :

во гимназиско образование има:

| Вкупно ученици | Машки<br>190 | Женски<br>237 | Одлични<br>265 | Многу добри<br>99 | Добри<br>63 | Доволни<br>/ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 427 | 44,28% | 55,35% | 62,23 | 23,66% | 14,19% | / |

По етничка припадност:

| Вкупно ученици | Македонци | Турци | Власи | Роми |
|---|---|---|---|---|
| 427 | 421 | 4 | 1 | 1 |

во стручното образование има

| Вкупно ученици | Машки 90 | Женски 67 | Одлични 27 | Многу добри 46 | Добри 48 | Доволни 37 | Повтор у-вачи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 157 | 57,42% | 42,36% | 17,40% | 29,13% | 30,2% | 23,18% | / |

Постигнувања по струки во стручно образование учебна 2022/23 година:

| Струка | м % | ж % | Одлични% | Многу добри % | Добри% | Доволни % | Повторувачи% |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Техничар по ветеринарна медицина | 52,11 | 47,23 | 19,16 | 33,42 | 39,22 | 8.13 | / |
| Ветеринарен техничар | 63,41 | 36,25 | 46,63 | 28,33 | 15,11 | 10,13 | / |
| техничар за агроменаџмент | 39,52 | 62,14 | 6,20 | 26,52 | 29,22 | 38,18 | / |
| техничар за | 55,42 | 44,18 | 29,12 | 24,22 | 40,72 | 6,19 | / |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| агроменаџмент | | | | | | | |
| техничар за преработка на месо и млеко | / | / | / | / | / | / | / |
| Агротехничар | 59,11 | 40,75 | 5,28 | 45,35 | 26,15 | 23,10 | / |
| Техничар за фитомедицина | 25,36 | 74,69 | 33,05 | 17,31 | 24,12 | 25,56 | |
| Техничар за хортикултура | / | / | / | / | / | / | |
| Машински техничар за моторни возила | 100 | / | 10,52 | 31,57 | 36,84 | 21,05 | |
| автотехничар мехатроничар | 100 | / | 10,15 | 23,10 | 42,16 | 24,74 | |

По етничка припадност:

| Вкупно ученици | Македонци | Турци | Власи | Роми |
|---|---|---|---|---|
| 157 | 153 | 3 | 1 | / |

Успехот е следниов

- Од извршената анализа на успехот **за учебната 2021/22 година**,

гимназиското образование:

- прва година среден успех 4,27 ; втора година среден успех 4,25 ; трета година среден успех 4,47 ; четврта година среден успех 4,67

во стручното образование :

во земјоделско - ветеринарната

- прва година среден успех 2,94 втора година среден успех 3,09; трета година среден успех 3,89 , четврта година среден 3,84

во машинска струка

- прва година среден успех 3,05; втора година среден успех 3,01; трета година среден успех 3,18, четврта година 3,24.

во прехрамбена струка прва година среден успех 3,33;

Во училиштето се пресметуваат по пол и етничка структура постигнувањата на учениците и нивните изостаноци.

**Споредбена анализа по три предмети Македонски јазик и литература, Англиски јазик и Математика и нивниот среден успех во учебната 2021/22 година**:

| **Македонски јазик и литература** | **I** | **II** | **III** | **IV** | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Гимназиско образование | 4,37 | 4,72 | 4,27 | 4,30 | **4,41** |
| Техничар по ветеринарна медицина | 3,90 | / | / | / | **3,90** |
| Ветеринарен техничар | / | 4,74 | 3,97 | 3,15 | **3,95** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Техничар за агроменаџмент | 4,5 | / | / | / | **4,5** |
| Тех. за агроменџмент | | 3,65 | 4,15 | 4,30 | **4,23** |
| Техничар за хортикултура | | 4,10 | 3,61 | 3,17 | **3,62** |
| Машински техничар за моторни возила | 3,60 | | | | **3,60** |
| Автотехничар мехатроничар | | 3,52 | 3,00 | 2,49 | **3,00** |

Средниот успех по предметот **Македонски јазик и литература** е најдобар во стручното образование, кај ветеринарен техничар и тоа во втора година, а најслаб во стручното образование во автотехничар- мехатроничар и тоа во четврта година.

| **Англиски јазик** | I | II | III | IV | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Гимназиско образование | 3,75 | 4,20 | 4,80 | 4,00 | **4,18** |
| Техничар по ветеринарна медицина | 3,9 | / | / | / | **3,9** |
| Ветеринарен техничар | / | 4,25 | 4,30 | 3,40 | **3,98** |
| Техничар за агроменаџмент | 3,9 | / | / | / | **3,9** |
| Техничар за агроменџмент | / | 3.10 | 3.72 | 4,20 | **3,67** |
| Техничар за хортикултура | / | 4,10 | 3,80 | 3,45 | **3,78** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Машински техничар за моторни возила | 3,12 | / | / | | **3,12** |
| Автотехничар мехатроничар | / | 3,42 | 2,10 | 2,75 | **3,09** |

Средниот успех по предметот **Англиски јазик** е најдобар во гимназиското образование и тоа во трета година, а најслаб во стручното образование во автотехничар- мехатроничар и тоа во трета и четврта година.

| **Математика** | I | II | III | IV | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Гимназиско образование | 4,23 | 3,37 | 3,81 | 3,89 | **3,82** |
| Техничар по ветеринарна медицина | 4,0 | | | | **4,0** |
| Ветеринарен техничар | / | 3,52 | / | / | **3,52** |
| Техничар за агроменаџмент | 4,0 | / | / | / | **4,0** |
| Техничар за агроменаџмент | / | 3,27 | / | / | **3,27** |
| Техничар за хортикултура | / | 2,50 | / | / | **2,50** |
| Машински техничар за моторни возила | 3,0 | / | / | / | **3,0** |
| Автотехничар мехатроничар | / | 2,89 | 2,13 | 2,54 | **2,51** |

Средниот успех по предметот **Математика** е најдобар во гимназиското образование и тоа во прва година, а најслаб во стручното образование во автотехничар мехатроничар и тоа во трета година.

Од извршената анализа на успехот **за учебната 2022/23 година**,

гимназиското образование:

- прва година среден успех 4,36; втора година среден успех 4,39 ; трета година среден успех 4,11 , четврта година среден успех 4,56.

во стручното образование :

во земјоделско - ветеринарната

- прва година среден успех 3,47; втора година среден успех 3,16 ; трета година среден успех 3,30, четврта година среден успех 3,30.

во машинска струка

- прва година среден успех 3,28; втора година среден успех 2,06; трета година среден успех 3,23, четврта година среден успех 3,01.

во прехрамбена струка прва година среден успех 2,67; втора година среден успех 3,77;

**Споредбена анализа по три предмети Македонски јазик и литература, Англиски јазик и Математика и нивниот среден успех во учебната 2022/23 година:**

| **Македонски јазик и литература** | I | II | III | IV | **Среден** |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Гимназиско образование | 4,37 | 4,72 | 4,27 | 4,30 | **4,41** |
| Техничар по ветеринарна медицина | 3,10 | 2,62 | / | / | **2,86** |
| Ветеринарен техничар | / | / | 3,73 | 3,15 | **3,44** |
| Техничар за агроменаџмент | 3,42 | 3,66 | / | / | **3,54** |
| Техничар за агроменаџмент | / | / | 2,33 | 3,44 | **2,88** |
| Агротехничар | 3,0 | / | / | / | **3,0** |
| Техничар за фитомедицина | / | / | / | / | **/** |
| Техничар за хортикултура | / | / | 3,61 | 3,17 | **3,39** |
| Машински техничар за моторни возила | 2,96 | 3,52 | / | / | **3,22** |
| Автотехничар мехатроничар | / | / | 3,21 | 3,27 | **3,23** |

Средниот успех по предметот **Македонски јазик и литература** е најдобар во гимназиското образование и тоа во втора година, а најслаб во стручното образование во  техничар за агроменаџмент и тоа во трета година.

| **Англиски јазик** | I | II | III | IV | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Гимназиско образование | 4,21 | 4,65 | 3,88 | 4,47 | **4,30** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Техничар по ветеринарна медицина | 3,45 | 4,1 | / | / | **3,77** |
| Ветеринарен техничар | / | / | 3,63 | 3,95 | **3,79** |
| Техничар за агроменаџмент | 3,52 | 3,97 | / | / | **3,74** |
| Техничар за агроменаџмент | / | / | 2,30 | 2,46 | **2,38** |
| Агротехничар | 3.57 | / | / | / | **3,57** |
| Техничар за фитомедицина | / | / | / | / | **/** |
| Техничар за хортикултура | / | / | 3,60 | 3,25 | **3,42** |
| Машински техничар за моторни возила | 2,25 | 3,41 | | | **2,83** |
| Автотехничар мехатроничар | / | / | 2,44 | 2,86 | **2,65** |

Средниот успех по предметот **Англиски јазик** е најдобар во гимназиското образование и тоа во втора година, а најслаб во стручното образование во машински техничар за моторни возила и тоа во прва година.

| **Математика** | I | II | III | IV | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Гимназиско образование | 3,61 | 3,28 | 4,01 | 4,20 | **3,77** |
| Техничар по ветеринарна медицина | 3,55 | 3,42 | / | / | **3,48** |
| Ветеринарен техничар | / | / | / | / | **/** |
| Техничар за агроменаџмент | 3,29 | 3,54 | / | / | **3,41** |
| Техничар за агроменаџмент | / | / | / | / | **/** |
| Агротехничар | 3,4 | / | / | / | **3,4** |
| Техничар за фитомедицина | / | / | / | / | **/** |
| Техничар за хортикултура | / | / | / | / | **/** |
| Машински техничар за моторни возила | 2,65 | 2,39 | / | / | **2,52** |
| Автотехничар мехатроничар | / | / | 2,61 | 2,19 | **2,40** |

Средниот успех по предметот **Математика** е најдобар во гимназиското образование и тоа во четврта година година, а најслаб во стручното образование во автотехничар мехатроничар и тоа во четврта година.

**Учениците на крајот од четврта година полагаат матура и тоа завршиле:**

| Учебна 2021/22 година Државна матура | | Вкупно | Училишна матура | Завршен испит | Без диплома | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Гимназиск | Стручно | | Гимназиск | Стручно | редовни | вонредни |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| о | | | о | | | |
| 33 | 33 | 66 | / | / | / | / |
| Учебна 2022/23 година Државна матура | | Вкупно | Училишна матура | Завршен испит | Без диплома | |
| Гимназиско | Стручно | | Гимназиско | Стручно | редовни | вонредни |
| 33 | 6 | 39 | / | 21 | / | 2 |

Во учебната 2021/22 година сите редовни положиле  матура, а во учебната 2022/23 сите редовни положиле матура, 2 вонредовни ученика не се јавиле на испит.

Има двајца ученици со потешкотии во учењето. Наставниците за нив ја прилагодуваат наставната програма според нивните способности  и барања и притоа користат соодветна форма на работа (најчесто индивидуална), како и критериуми за оценување.

Стручната служба и класните раководители разговараат со учениците и родителите кои постигнуваат послаби резултати и кај тие ученици постојано се следи нивниот напредок.

Се информираат  и наставниците кои се запознаваат со потешкотиите со кои се соочува ученикот за да се обрне поголемо внимание  кое ќе доведе до поефикасно следење и совладување на наставата .

Учениците кои освоиле награди на републичките натпревари се наградуваат на Патрониот празник на училиштето или на верскиот празник Свети Никола - патрон на градот.

Во училиштето не постои механизам за идентификација  на надарени ученици, ниту програма за работа со нив.

И покрај евиденцијата од стручната служба, направена е и анкета со стручна служба и наставници и добиени се следниве резултати:

На следниве поставени прашања за повторување на учениците:

1. Како училиштето ги подобрува постигањата на учениците? Објаснете!
2. Какви се постигањата на учениците по наставни предмети, матура или на другите завршни испити по полова и етничка припадност?
3. Какви се постигањата на учениците на крајот на четврто и на крајот на деветто одделение ( по предмети, пол и етничка припадност )
4. Дали и како училиштето врши споредување на тежинските нивоа на резултатите при интерното оценување , по различни одделенија/класови, по наставни предмети и по пол, од една учебна година во друга?
5. Како се следи напредокот и постигањата на оние ученици кои имаат потешкотии во учењето и/или на оние со посебни потреби.

Анкетираните ги дадоа следниве одговори:

***<u>По извршената анкета со стручната служба, добиени се следниве резултати:</u>***

На првото прашање за подобрување на постигањата на учениците, двајцата членови на стручната служба одговориле, дека училиштето ги подобрува постигањата на учениците со дополнителни наставни средства, ИКТ, материјално-технички средства, преку мотивирање и следење на учениците за подобрување на успехот преку наставата, а посебно преку учество на натпревари, учество на проекти, обуки, предавања, доделување признанија за постигнати успеси и воннаставни активности, како и со организирање на дополнителна и додатна настава.

За подобрување на постигањата и мотивирање во редовната настава, поголемиот број наставници користат разновидни форми и методи за оценување и ги соопштуваат резултатите од учењето пред учениците. За време на часовите, наставниците ги запознаваат учениците со критериумите за секоја оценка. Се почитуваат стандардите и критериумите за оценување што се дадени од страна на Бирото за развој на образование.

Наставниците преку дополнителната настава работат со учениците на кои им е потребна поголема помош во совладувањето на знаењата, но истовремено за одреден дел од учениците се доставуваат податоци во стручната служба. Со училишниот психолог се реализира индивидуално и групно советување околу утврдување на личниот стил на учење, саморефлективни вештини и развивање ефективни техники на учење.

Дополнителната настава се реализира редовно во текот на учебната година, а додатна настава се реализира со учениците кои покажуваат поголем интерес за одредени знаења и вештини во вид на разни вонначтавни активности, посети на институции. За учеството и постигањата на учениците на разни натпревари, конкурси и слични манифестации се води документација. Заслужните ученици јавно се истакнуваат на класните часови, класни совети, приредби. Нивните постигања се составен дел на годишниот извештај за воспитно-образовна работа на училиштето.

На второто прашање одговориле дека постигањата на учениците по наставни предмети, матура или на другите завршни испити по полова и етничка припадност се на солидно ниво, а дека во најголем процент учениците ја положуваат државната матура, а дека учениците од женскиот пол имаат подобри резултати. Училиштето ги следи постигањата на учениците од различен пол и располага со податоци за нивното постигање за секој квалификационен период во текот на целата учебна година.

Се следи општиот успех на учениците во однос на полот и националната припадност. Се превземаат активности за нивно подобрување преку дополнителна настава за учениците реализирана од наставниците, како и преку советодавна работа со учениците од страна на училишниот психолог ( групна и индивидуална ) на кои се работи за согледување на причините за потешкотии со успехот и совладување на техники на учење.

На третото прашање сите анкетирани одговориле дека немаат сознанија за постигањата на учениците  на крајот на четврто (по предмети, пол и етничка припадност ) но во осмо се солидни.

На четвртото прашање за споредување на тежинските нивоа на резултатите при интрното оценување анкетираните одговориле дека таква споредба се врши преку анализа на резултати и пресметки во проценти по различни класови по сите наставни предмети, како и споредба на успехот на секој ученик од матичната книга на ученикот која ја води училишниот социолог во земјоделско-ветеринарната струка, како и преку извештаи што ги изготвува стручната служба на секое тромесечие и на крај на учебната година, по наставни предмети и по пол, а предметните наставници ги споредуваат по тежински нивоа.

И  на петтото прашање, за следење на напредокот и постигањата на оние ученици кои имаат потешкотии во учењето  и/или на оние со посебни потреби, анкетираните одговориле дека се изготвува ПОП, ИОП за секој ученик со посебни потреби, а ги следи стручна служба, училишниот инклузивен тим, во соработка со педагошката служба, како и организирање дополнителна настава и сл., посета на часови, индивидуална работа, состаноци на инклузивниот тим на секое тромесечие.

Стручната служба располага со податоци за идентификација, следење и поддршка на учениците со потешкотии во учењето, надарени ученици или ученици со посебни потреби. Најголемиот број наставници им обезбедуваат

поддршка во редовната настава на учениците кои имаат потешкотии во учењето, на учениците со посебни образовни потреби, како и на надарените ученици, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.

Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области.

Идентификацијата ја вршат предметните наставници, класните раководители и родителите кои имаат можност да се јават кај наставник, класен раководител или во стручната служба и да побараат помош. За подобрување на постигањата и мотивирање во редовната настава, поголемиот број наставници користат разновидни форми и методи за оценување и ги соопштуваат резултатите од учењето пред учениците.

За време на часовите, наставниците ги запознаваат учениците со критериумите за секоја оценка. Се почитуваат стандардите и критериумите за оценување што се дадени од страна на Бирото за развој на образование.

***<u>По извршената анкета со неколку наставници, добиени се следниве резултати:</u>***

На првото прашање за подобрување на постигањата на учениците, анкетираните наставници одговориле дека училиштето ги подобрува постигањата на учениците преку анализа на успехот од класификационите периоди и креативноста на наставниот кадар во наставните методи и техники, организирање на дополнителна настава кај учениците кои имаат слаби постигања и додатна настава за надарени ученици, подготовка за училишни, регионални и државни натпревари, како и наградување на постигањата на учениците, со одржување на квалитетна настава и воннаставни активности.

На второто и третото прашање анкетираните одговориле дека постигањата на учениците по наставни предмети, матура или на другите завршни испити по полова и етничка припадност и за постигањата на учениците на крајот на четврта година (по предмети, пол и етничка припадност) немаат баш некои сознанија, но во глобала се добри и на завидно ниво, дека нема ученици кои ја повторуваат годината, дека помал дел од учениците завршуваат со училишна матура, а поголемиот дел ученици полагаат дрѓавна матура

На четвртото прашање за споредување на тежинските нивоа на резултатите при интерното оценување, анкетираните одговориле дека таква споредба не се врши, или пак се врши со формирање на комисии  за анализа на постигнати резултати по одделни предмети, и преку споредување на постигнатите резултати од претходната година со постигањата од тековната година. Овие извештаи ги подготвува стручната служба на училиштето.

И на петтото прашање, за следење на напредокот и постигањата на оние ученици кои имаат потешкотии во учењето и/или на оние со посебни потреби, некои од анкетираните одговориле дека  немаат такви податоци , некои од анкетираните одговориле дека се изготвува ПОП, ИОП за секој ученик со посебни потреби, во консултација со стручната служба, дополнителна и додатна настава, изготвување на наставни листови и тестови со понизок критериум додека кај учениците со посебни потреби се изготвуваат индивидуализирани наставни, работни листови и индивидуализирани тестови.

## ***2.2 Задржување/ осипување на учениците***

**Редовност на учениците**

**Прегледани документи** **Собрани податоци**

- ✓ Годишни , тематски и дневни подготовки
- ✓ Записници од стручни активи
- ✓ Пополнети инструменти од посетени часови
- ✓ Портфолија на наставниците
- ✓ Водење на педагошка евиденција
- ✓ Програма за работа на стручните соработници
- ✓ Годишен статистички извештај за средни училишта 2021 / 2022
- ✓ Годишен статистички извештај за средни училишта 2022 / 2023
- ✓ Водење педагошка евиденција
- ✓ Ученички дневници
- ✓ Анкета со педагошката служба
- ✓ Анкета со наставници

Осипувањето на ученици е незначително. Бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат нашето училиште (промена на адреса , заминување во странство, склучување на брак, потреба од работа, префрлање во друго училиште и сл.) е еднаков или поголем од бројот на оние кои доаѓаат од друго место или училиште.

При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот и истите ги зема во предвид при натамошна образовна работа со ученикот.

**Во учебната 2021/2022 година запишани се: 356 ученика**

**I година- 95**

**II година- 108**

**III година- 51**

**IV година- 102**

Во текот на учебната година **придојдени** се уште 3 ученика (2-машки, 1-женско). Придојдените ученици се по постапка на преминување од едно во друго училиште.

Во истата година **испишани** се вкупно **1** ученик (женски).

Во истата година **отстранети** се вкупно **6** ученика (5-машки, 1-женско)

Статистика по пол е водена. Од повратните информација, можеме да констатираме дека учениците ни заминуваат од неколку причини:

Причини за испишување на учениците се следниве:

- промена на местото на живеење;
- заминување во странство;
- запишување како вонредни ученици;
- непочитување на куќниот ред на училиштето;
- лични причини.

**Во учебната 2022/2023 година запишани се: 352 ученика**

**I година- 105**

**II година- 94**

**III година- 105**

**IV година- 48**

Во текот на учебната година **придојдени** се уште 3 ученика (2-женски и 1-машко).

Во истата година **испишани** се вкупно 7 ученика (3-женски, 4-машки).

Во истата година **отстранети** се вкупно 3 ученика

Статистика по пол е водена. Од повратните информација, можеме да констатираме дека учениците ни заминуваат од неколку причини:

Причини за испишување на учениците се следниве:

1. нередовност во наставниот процес и неоправдани изостаноци;

2. запишување како вонредни ученици;

3. заминување во странство;

4. запишување во друго училиште;

5. лични причини (нередовност на патниот превоз,  стапување во брак).

И покрај евиденцијата од стручната служба, направена е и анкета со стручна служба и наставници и добиени се следниве резултати:

На следниве поставени прашања за повторување на учениците:

1. Колкав процент од учениците го завршуваат образовниот циклус? Ако не го завршуваат , зошто ?
2. Дали има идентификувани групи, ученици (машки ученици, женски учници, ученици од одредна етничка припадност, ученици од економски сиромашни семејства или други групи) кои повеќе се подложни на осипување од училиштето?
3. Како училиштето се обидува да се справи со проблемот, нив да ги задржи во училиштето ? Со каков успех ?

Анкетираните ги дадоа следниве одговори:

По извршената анкета со стручната служба, добиени се следниве резултати:

**АНКЕТА НА СТРУЧНА СЛУЖБА**

На првото прашање анкетираните одговориле дека речиси 96,25 од учениците кои се запишуваат во училиштето редовно, истото го завршуваат. Мал е бројот на оние кои од различни причини го прекинуваат статусот на редовен ученик. На тие ученици им се советува да го

продолжат учењето како вонредни ученици и истите тоа и го прават.

Се запишуваат главно во нашето училиште и на тој начин го завршуват своето средно образование. Има и такви ученици кои се запишуваат како вонредни ученици во нашето училиште или се иселуваат во странство.

На второто прашање одговориле дека не е забележан факт дека има идентификувана група, етничката припадност  или полот влијаат врз „осипувањето“ на учениците.

Но, има ученици кои избираат да го прекинат редовното школување главно за да придонесат економски кон семејниот и личниот буџет. Тоа се обично ученици од стручното образование и го прават по исполнувањето на условите утврдени со закон.

На третото прашање, анкетираните одговориле дека училиштето преку секојдневната работа на класните раководители, наставниците и стручната служба влијае врз мотивираноста на учениците да го завршат своето средно образование и со заеднички труд преку константно следење и подобрување на условите за реализација на воспитно-образовната работа се влијае врз оваа одлука на учениците, со создавање пријатна клима за сите, одржување работилници за кои учениците пројавуваат интерес, воннаставни забавни програми.

Во колку постои дилема кај ученикот, класниот раководител и стручната служба, следејќи ја редовноста и однесувањето на ученикот во училиштето, разговараат со него и му помагаат во носењето одлука.

По извршената анкета со неколку наставници, добиени се следниве резултати:

**АНКЕТА НА НАСТАВНИЦИ**

На првото прашање анкетираните одговориле дека од 70- 100% од

учениците кои се запишуваат во училиштето како редовни ученици, истото го завршуваат, а и ако го загубиле статусот на редовен ученик, училиштето го завршуваат како вонредни ученици. Истакнале дека стапување во брак, преселба, лошо поведение и потреба од работа се главни чинители да не се продолжи редовното школување.

Мал број од анкетираните наставници истакнале дека немаат доволно информации за ова прашање.

На второто прашање, дел од анкетираните наставници одговориле дека нема идентификувани групи.

Мал дел од анкитираните наставници одговориле дека немаат кокретни информации за идентификувани групи на ученици, но дел од анкетираните одговориле дека има такви групи (етничка припадност, економски сиромашни семејства – ромска популација пред се, семејства кои заминуваат во странство), заминување во друго училиште.

На третото прашање, дел од анкетираните наставници одговориле немаат одговор по ова прашање. Дел од анкетираните наставници одговориле дека раководниот орган многу се вложува во надминување на проблемот.

Поголем дел од анкетираните наставници тврдат дека раководството и училиштето се обидува учениците да ги задржи во училиштето преку едукација  за етничка припадност со слаб успех, и заминување во странство,преку дуалното образование вклучувајќи ја платената пракса на учениците, со подобрување на условите за работа според можностите на училиштето, преку вклучување на Центар за социјална работа од Свети Николе, поголема соработка и комуникација ученик – родител, стручна служба- класен раководител, преку подобрување на условите за работа во училиштето и подобра комуникација ученик – наставник.

***2.3 Повторување на учениците***

| **Прегледани документи** | **Собрани податоци** |
|---|---|
| ✓ Матични книги | Во учебната 2021/22 година нема ученици кои ја повторувале годината.<br><br>Во учебната 2022/23 година нема ученици кои ја повторувале годината.<br><br>Нема направено анализа по пол и етничка припадност на овие ученици бидејќи нема ученици кои ја повторувале годината.<br><br>Во училиштето постои процедура доколку некој ученик ја повторува годината. Овозможено е на ученикот да поднесе жалба до училишниот одбор, чија одлука во поглед на истата е конечна. |

| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Одговорни за собирање на информации** | **Собрани информации** |
|---|---|---|
| | | И покрај евиденцијата од стручната служба, направена е и анкета со стручна служба и наставници и добиени се следниве резултати:<br><br>На следниве поставени прашања за повторување на учениците:<br><br>1. Колку ученици ја повторуваат годината?<br><br>2. Дали имате направено анализа на учениците што повторуваат по пол и етничка припадност и кои се резултатите?<br><br>3. Објаснете зошто одредени групи на ученици се повеќе подложни на повторување.<br><br>4. Дали во вашето училиште постојат процедури кои |

| | | |
|---|---|---|
| | | овозможуваат поднесување на жалба од страна на ученикот кој ја повторува годината?<br><br>Анкетираните ги дадоа следниве одговори: |
| ✓ Анкета со педагошката служба | Зојица Митрева | **По извршената анкета на стручната служба, добиени се следниве реултати:**<br><br>Според анкета направено со педагошката служба во училиштето не се евидентирани ученици кои ја повторувале годината. Постојат ученици кои поради голем број на изостаноци на крајот на годината се упатуваат на класни испити. Нема направено анализа по пол и етничка припадност на овие ученици бидејќи нема ученици кои ја повторувале годината. Бидејќи нема повторувачи,нема и одговор зошто некои групи се поподложни на повторување.Во училиштето постојат процедури кои овозможуваат поднеусвање на жалба од страна на ученикот кој ја повторува годината<br><br>**По извршената анкета на неколку наставници, добиени се следниве резултати:** |
| ✓ Анкета со наставници | | Сите анкетирани наставници, на првото пршање одговориле дека во училиштето нема повторувачи. На прашањето дали е направена анализа на учениците што повторуваат, по пол и етничка припадност,сите одговориле дека нема направено таква анализа , со образложение дека постојат листи за такви анализи, но со оглед на тоа што нема ученици кои ја повторуваат годината, логично и што нема таква анализа. На прашањето да се објасни зошто одредени групи на ученици се поподложни на повторување, сите наставници одговориле дека нема објаснување , затоа што во нашето училиште и нема ученици – повторувачи.И на последното прашање дали во |

училиштето постои процедура која овозможува поднесување на жалба од страна на ученикот кој ја повторува годината, сите одговориле позитивно, процедура постои.

**Подрачје: ПОСТИГАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Резултати:**

Клучни јаки страни

- ✓ Редовно следење и вреднување на постигнувањата на учениците.
- ✓ Примена на  најразновидни нови форми и методи во наставата.
- ✓ Користење различни инструменти за следење и оценување на постигнувањата.
- ✓ Редовно информирање на учениците и родителите за нивните постигања.
- ✓ Нема големо осипување/повторување на учениците.

Слабости

- ✓ Недостаток од едуцираност на наставниците и немање на програма за идентификација на надарени ученици .
- ✓ Не се врши следење на учениците кои го завршиле училиштето.
- ✓ Стручната служба не ги поседува сите потребни информации за постигање на учениците
- ✓ Недоволно нагледни средства за користење во наставата
- ✓ Не постои механизам за идентификација  на надарени ученици, ниту програма за работа со нив.

.

*Анализа на резултатите:*

Училиштето успешно ја реализираше програмата за двете учебни години.
Во училиштето постои добра организираност на наставата. Службите и менаџментот на училиштето вршат редовно следење и вреднување на постигнувањата на учениците.
Во наставата се применуваат најразновидни форми и методи во наставата, кои зависат од условите на обавување на наставата и наставната тематика која се реализира.
Се користат различни инструменти за следење и оценување на постигнувањата на наставниците и учениците.
Училиштето редовно ги информира учениците и родителите за нивните постигања.
Не е евидентирано поголемо осипување/повторување на учениците.

***Приоритетни подподрачја***

- ✓ *Подобрување на вештините на наставниците за нови наставни форми, методи и техники и идентификација на надарените ученици.*
- ✓ *Подобрување на следењето на учениците кои го завршиле училиштето.*

Потпис на членовите на комисијата:

1. Зојица Митрева

2. Драгана Костовска

3. Елена Сарафиновска

4. Бојанка Ефремовска

5. Емина Петкова

Подрачје 3***: УЧЕЊЕ И НАСТАВА***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**3.1. Планирање на наставниците**

**3.2. Наставен процес**

**3.3. Искуства на учениците од учењето**

**3.4. Задоволување на потребите на учениците**

**3.5. Оценување како дел од наставата**

**3.6. Известување за напредокот на учениците**

**Подрачје: УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

***3.1 Планирање на наставниците***

| **Прегледани документи** | **Собрани податоци** |
|---|---|
| ✓ **Планирања на наставниците**<br>✓ **Годишни глобални Планови;**<br>✓ **Тематски процесни планирања;**<br>✓ **Дневни подготовки;**<br>✓ **Разговор со педагог;**<br>✓ **Интервју со наставници по случаен избор**<br>✓ **Записници од** | За реализација на наставните планови и програми, наставниците ги прават следните планирања: годишен глобален план, тематски планирања и дневни оперативни планови.<br><br>Во училиштето, сите наставници имаат изготвени годишни планирања според работниот календар, кои до 15 Септември секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба. Тематските планирања ги доставуваат до 15 Септември или една до две седмици пред започнување на секоја нова тема.<br><br>Дневните оперативни планови наставниците ги прават секојдневно, а во нив ја разработуваат содржината што ќе ја предаваат, целите што треба да се постигнат, групирани според Блумовата таксономија, како и методите и формите на наставна работа. Најголем дел од наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час. Сите планирања на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на темата и часот. Сите наставници изработуваат критериуми и стандарди за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања, со што на учениците и родителите им се дава |

**состаноците на стручните активи;**

- ✓ **Акциони планови на стручни активи;**
- ✓ **Покани за обуки и семинари;**
- ✓ **Извештаи за реализирани обуки;**

до знаење кои цели треба да ги постигнат за соодветна оценка. На овој начин се постигнува поголема транспарентност, јасност и доследност во оценувањето на учениците.

Стручната служба ги чува планирањата на наставниците во посебни досиеја за секој наставник. Следењето на планирањата на наставниците го врши училишниот педагог. Еднаш или двапати во текот на едно полугодие од страна на училишниот педагог се врши проверка на планирањата на наставниците. Дел од работните обврски на училишниот педагог е и поддршката што им ја дава на наставниците за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето, за што има пропишани приоди и утврдени процедури.

Поддршката на наставниците се гледа и во организирање обуки во училиштето и преку посета на семинари на дел од наставниците кои потоа извршуваат десеминација на останатите наставници. Темите се во врска со планирањата и оценувањето, формативното и сумативното, примена на ИКТ во наставата, менаџмент во училница и други. Наставниците, размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи, во разговор со колеги од колективот и во разговор со колеги од истородни предмети од други училишта. Се применуваат и укажувањата и насоките на советниците.

Распоредот на часови го прави еден наставник од училиштето во консултација со директорот, стручната служба и наставниците. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети на училиштето, изедначување на бројот на часови меѓу паралелките заради застапеноста на изборните предмети во редовната настава.

***3.2 Наставен процес***

| **Прегледани документи** | **Собрани податоци** |
|---|---|
| ✓ **Годишни , тематски и дневни подготовки**<br>✓ **Записници од стручни активи**<br>✓ **Пополнети инструменти од посетени часови**<br>✓ **Портфолија на наставниците**<br>✓ **Инструмент за евалуација на наставниот час**<br>✓ **Водење на педагошки евиденции**<br>✓ **Инструмент за следење на** | За реализација на наставната програма наставниците применуваат разновидни наставни форми и методи со цел активно да ги вклучат учениците при што тие работат во групи, парови или индивидуално.<br><br>Се користат расположивите средства и материјали, а по одредени наставни предмети се изведуваат и практични активности и  се применува ИКТ во зависнот од условите со кои што располага училиштето.<br><br>Најчесто се јавува потешкотија при користење на интернет за потребите на наставата. Се користат различни методи на интеракција со учениците што се во насока на промовирање и градење доверба меѓу( наставата, наставниците и учениците.<br><br>Во гимназиската зграда секој од кабинетите е опремен со телевизор, кои значително многу ја подобрија работната атмосфера на часовите како и квалитетот на настава кај наставниците;<br><br>Во спроведувањето на активностите на часот наставниците ги поттикнуваат |

**педагошка евиденција и документација,(класни и главни книги)**

- ✓ **Програма за работа на директорот и стручните соработници**

учениците самостојно да учат и да поставуваат прашања, како и да водат дискусии за одредени теми.

При тоа преку формативно оценување го пратат напредокот на учениците со што ја мотивираат и развиваат самодовербата кај нив.

Односот меѓу наставниците и учениците е со взаемно почитување, соработка и разбирање без правење на разлика меѓу учениците по пол , социјалното потекло, етничка и (религиска ) верска припадност.

Постои пропишана, интерна процедура за следење на наставниот процес со што секој наставник се посетува на час од директорот и стручните соработници кои преку своите инструменти го следат работењето на наставниците.

Стручните активи редовно работат со размена на искуствата со цел за подобрување на наставата и примена на иновации од посетени семинари. Наставниците редовно вршат следење и бележење на постигнувањата на учениците и ги информираат родителите преку електронски дневник.

***3.3 Искуства на учениците од учењето***

**Прегледани документи**

- ✓ **Пофалници**
- ✓ **Дипломи**
- ✓ **Елаборати од истражувачки активности на учениците**
- ✓ **Ученички портфолија**

**Собрани податоци**

Изработените литературни и ликовни творби од учениците се изложуваат во училиштето на паноа, а практичните изработки во витрините во училишните холови и кабинетите. Добиените награди и пофалници ги красат ѕидовите на училишните ходници. Училиштето учествува на сите наградни литературни и ликовни конкурси и на повеќето од нив имаме добиено високи места особено на регионално ниво по математика, хемија, македонски јазик и литература како и добиени високи места на државно ниво по предметите географија, англиски јазик,

- ✓ **Програма за работа и извештаи од Ученичка заедница**
- ✓ **Извештаи од учество на натпревари**

француски јазик и биологија. Преку активно вклучување на часот согласно таксономијата на Блум, преку примена на наученото, како и преку креативно мислење учениците не само што донесуваат заклучоци и искажуваат лични ставови во учењето, (заклучоци) туку превземаат и лична одговорност. Наставата се организира така да учениците се активни учесници, а не пасивни слушатели за време на часовите, се поттикнуваат и охрабруваат самостојно да истражуваат и прибираат податоци.

Учениците сметаат дека можат слободно да го искажуваат своето мислење кое сериозно се зема во предвид при решавање на одредени проблеми преку редовните состаноци на Ученичката заедница во училиштето.Учениците заеднички работат на различни проекти и работилници во и надвор од наставата во групи со различен состав и големина.

Секој од наставниците кои земаат учество на општински, регионален или натпревар на државно ниво изработува извештај за постигањата на своите ученици од дадениот натпревар;

***<u>3.4 Задоволување на потребите на учениците</u>***

**Прегледани документи**

- ✓ **Анкети за учениците**
- ✓ **Разговор со ученичката заедница,родителите и наставниците.**
- ✓ **Увид во ученичките досиеја.**
- ✓ **Увид во евиденцијата на**

**Собрани податоци**

Соработката помеѓу учениците и наставниците е добра.Учениците сметаат дека поголемиот број на наставници се отворени за соработка и пружење подршка. Средината во која учат учениците пружа добри услови за учење. Училниците се пространи, осветлени, инвентарот ги задоволува потребите. Во училниците и кај дел од кабинетската настава има истакнато трудови од учениците. Во училишната зграда низ ходниците има истакнато трудови на учениците на видни места. Учениците сметаат дека најчесто се учи на поинтересен начин,додека родителите сметаат дека наставниците треба постојано да изнаоѓаат форми и

**стручната служба.**

- ✓ **Програми за работа и извештаи на ученичката заедница**
- ✓ **одделенски дневници**
- ✓ **дипломи,**
- ✓ **Пофалници.**

методи да ги мотивираат учениците, како и да бараат начини на предавањата да бидат поинтересни и поприфатливи за учениците.

Соработка помеѓу учениците,наставниот кадар и др вработени во училиштето е добра. Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и одлучувањето во реализација на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди. Како најава за секоја акција или еколошки проект се прават презентации за целите и очекуваните исходи на акцијата или проектот. Сите ученици од училиштето земаат активно учество во реализација на еколошките проекти и точки на акција.

## ***3.5 Оценувањето како дел од наставата***

**Прегледани документи**

- ✓ **Годишна програма за работа на училиштето;**
- ✓ **Стандарди за оценување;**
- ✓ **Критериуми за оценување;**
- ✓ **Педагошка евиденција и документација;**
- ✓ **Користени инструменти за оценување (тестови на знаење, бодовни листи, чек листи);**
- ✓ **Примери на оценети ученички**

**Собрани податоци**

Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во училиштето редовните и изборните наставни предмети се оценуваат описно и со нумерички оценки од недоволен (1) до одличен (5).

Поведението на учениците се оценува како: примерно, добро и незадоволително. Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби, кои се реализираат на почетокот на учебната година, како и за секоја добиена оценка на отворените денови со родителите.

Наставниците посетуваа обука за унапредување на оценувањето на која се запознаа со принципите и стандардите за оценување, како и со видовите оценувања (формативно и сумативно оценување). Преку спроведената анкета поголемиот дел од наставниците се изјасниле дека користат различни

**трудови;**

- ✓ **Анкетен прашалник за ученици ;**
- ✓ **Анкетен прашалник за наставници;**
- ✓ **Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители;**
- ✓ **Инструмент за следење и вреднување на работата на наставникот за оценувањето на постигањата на учениците.**
- ✓ **Портфолија на наставници**
- ✓ **Ученички портфолија,**
- ✓ **Електронски дневник,**
- ✓ **Педагошка евиденција и документација,**
- ✓ **Анкетен прашалник за наставници,**
- ✓ **Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители,**
- ✓ **Евидентни листови,**

инструменти за оценување на постигнувањата на учениците, и исто така дека ги применуваат критериумите за оценување на учениците.

Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење,наставни ливчиња, работни ливчиња, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, заинтересираноста,практична настава(пракса) итн. Оттука, добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти. Различните приоди во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата.

Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања, за што потврдуваат и резултатите од спроведените анкети.

Оценувањето и следењето е континуирано и на секој час. Најголем број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, оценката е јавна и се соопштува по нејзиното запишување и за истата се дискутира со учениците.  Информациите добиени од следењето и оценувањето на учениците се корисат за планирање на дополнителните часови, а кај помал број наставници и за подобрување на планирањата за следната учебна година.

- ✓ **Свидетелства,**
- ✓ **Дипломи,**
- ✓ **Групни дискусии со наставници,**
- ✓ **Одделенски дневници,**
- ✓ **Записници од родителски средби,**
- ✓ **Список на ученици упатени на дополнителна**

***3.6 Известување за напредокот на учениците***

**Прегледани документи**

- ✓ **Увид во педагошка евиденција и документација;**
- ✓ **Анкети со родители;**
- ✓ **Интрервјуа со родители**
- ✓ **Интервјуа со класни раководители, стручна служба и наставници**
- ✓ **Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со**

**Собрани податоци**

Информирањето на родителите за напредокот на секој ученик се врши преку утврден систем за известување. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно.

При посетата на часовите од стручната служба се следи начинот на оценување на наставникот на знаењето на ученикот. За да се информираат родителите се користат формални и неформални средби, односно редовни и вонредни родителски средби и индивидуални средби со родителите, кои се добро

**родители;**

- ✓ **Евидентни листови.**
- ✓ **Електронски дневник;**

организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите.

Редовните родителски средби се одржуваат по однапред утврден ред, и на нив родителите се запознаваат со општиот успех на учениците, дисциплината и однесувањето на учениците како и информации на родителите во врска со тековни прашања. По интерес на родителите може и да се разгледа поединечниот успех на учениците. Родителите добиваат евидентни листови со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет. Исто така во евидентните листови се запишуваат изостаноците како и поведението на учениците. Информации за личниот и социјалниот развој на детето забележани од предметниот наставник може да добие родителот на негово барање или на барање на наставникот. Вонредни родителски средби се одржуваат кога за тоа ќе се јави посебна потреба.

Индивидуалните средби се одржуваат по иницијатива на наставникот, педагогот, психологот, директорот или по иницијатива на самиот родител.

Родителите имаат можност да се сретнат со наставниците и да бидат информирани за постигнувањата на учениците на отворен ден за родители секој прв понеделник во месецот. Секој наставник има определено термин за консултативни поединечни средби со родителите и тоа најмалку еден час седмично. Од родителите се бара да дадат повратна информација по добиените информации за постигнувањата како би се превземале соодветни активности во склад со гледиштата на родителите во однос на напредокот и постигањата на учениците.

Електронската евиденција на постигањата на учениците (електронски дневник), уредно беше водена од наставниците. Известувањето на родителите по електронски пат функционира целосно со мал број на отстапки, воглавно поради тоа што дел од родителите не користат електронска пошта или немаат редовен пристап до компјутер и интернет или немаат оставени мобилни телефони за

контакт.

**Подрачје: УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

| Методи кои се користени за собирање на податоци | Одговорни за собирање на информации | Собрани информации |
|---|---|---|
| ✓ **Прашалник за наставници** | **Оливера Лазева-Митева** | Според анкетата<br>Размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес наставниците најмногу ја прават со разговор со колеги од колективот.<br>Размената на искуства и информации при планирањето, средно и |

ја олеснува на наставниците.

На прашањето: Во кој временски период правите размена на искуства и информации при планирањето? Наставниците најмногу одговориле во текот на целата наставна програма.

Според спроведената анкета наставниците на поставеното прашање: Какви методи користат за размена на искуства и информации? Наставниците одговориле дека искуствата ги разменуваат преку разговор, меѓусебна соработка на наставниците, посета на семинари, обуки, размена на методи и техники во наставата, меѓусебни посети на час, интерни обуки во училиштето како планирања на настава од нови модуларни програми и учење преку стекнување на практични вештини;

На прашањето: Дали на наставниците им се дава подршка за да можат да ги задоволат индивидуалните образовни потреби на учениците и како? Наставниците во најголем дел одговориле да, преку постојана подршка од стручна служба, преку обезбедување на кабинети, посети на семинари, обуки, работилници организирани од соодветни институции и индивидуална соработка меѓу наставниците;

Разновидните и добро испланирани наставни форми и методи во наставата, според одговорите наставниците најмногу секојдневно ги користат.

Според наставниците учењето во училницата е средно активно, динамично и има работна атмосфера.

Наставниците изјавиле дека средно користат ИКТ во наставата.

| | | |
|---|---|---|
| | | На прашањето од спроведената анкета колку често наставниците им даваат домашна задача на учениците, тие одговориле дека домашна задача даваат одвреме-навреме односно некогаш и по потреба доколку има потешкотии во учењето на материјалот;<br><br>Според резултатите од анкетата училиштето недоволно располага со фонд на книги и стручна литература.<br><br>Сите наставници изјавиле дека немаат стереотипи за машки и женски активности и дека подеднакво ги испрашуваат и машките и женските ученици.<br><br>Сите наставници директно ги известуваат и директно разговараат со учениците за нивниот напредок.<br><br>Белешки за напредокот на учениците прават поголемиот број од наставниците.<br><br>Методот на кои водат сметка за индивидуалните потреби на учениците поголемиот број од наставниците е разговор со учениците. |
| ✓ **Прашалник за ученици** | **Оливера Лазева-Митева** | На прашањето дали наставниците имаат разбирање за проблемите,учениците најмногу одоговориле понекогаш.<br><br>Според одговорите учениците понекогаш учествуваат со своите идеи во креирањето на училишната политика.<br><br>Наставниците транспарентно комуницираат со учениците во воспитно образовниот процес според учениците.<br><br>Наставниците постојано ги почитуваат културните полови разлики |

кај учениците.

Најчести предлози за промена во училиштето се:

- Предвременото напуштање на наставата
- Изградба на спортска сала
- Воведување на униформи за учениците
- Просторија за пушење
- Реновирање на гимназиската зграда(кров, фасада, прозори, тоалети)

**Подрачје: УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- ✓ Секој наставник подготвува годишно планирање кое го доставува до стручната служба на почетокот на учебната година и тематски процесни планирања кои ги доставува една до две седмици пред почетокот на секоја нова тема.
- ✓ Наставниците изработуваат критериуми и стандарди за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања.

- ✓ Наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот.
- ✓ Стручната служба ( Педагог ) најмалку двапати во едно полугодие ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата
- ✓ Наставниците, размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи, во разговор со колеги од колективот и во разговор со колеги од истородни предмети од други училишта.
- ✓ Во наставните планови наставниците применуваат содржини од ИКТ програма ;
- ✓ Се применуваат најразновидни форми и методи во наставата;
- ✓ Прифатен е и се почитува Етичкиот кодекс за оценување на постигањата на учениците;
- ✓ Учениците се мотивираат за учество во литературни и ликовни конкурси, како и за натпревари на знаења;
- ✓ Се следи и евидентира напредокот на учениците и редовно се информираат родителите за постигањата на своите деца;

**Слабости**

- ✓ Недоволна примена на интерактивна настава
- ✓ Недоволно стекнување на образовни знаења за практична применливост на знаењата

**Подрачје: УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

***Анализа на резултатите:***

За реализација на наставните планови и програми, наставниците ги прават следните планирања: годишен глобален план, тематски планирања и дневни оперативни планови. Во училиштето, сите наставници имаат изготвени годишни планирања според работниот календар, кои до 15 Септември секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба. Тематските планирања ги доставуваат до 15 Септември или една до две седмици пред започнување на секоја нова тема.

Дневните оперативни подготовки наставниците ги прават секојдневно, а во нив ја разработуваат содржината што ќе ја предаваат, целите што треба да се постигнат, групирани според Блумовата таксономија, како и методите и формите на наставна работа. Најголем дел од наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час. Сите планирања на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на темата и часот. Сите наставници изработуваат и критериуми за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања, со што на учениците и родителите им се дава до знаење кои цели треба да ги постигнат за соодветна оценка. На овој начин се постигнува поголема транспарентност, јасност и доследност во оценувањето на учениците.

Стручната служба ги чува планирањата на наставниците во посебни досиеја за секој наставник. Следењето на планирањата на наставниците го врши училишниот педагог. Еднаш или двапати во текот на едно полугодие од страна на училишниот педагог се врши проверка на планирањата на наставниците. Дел од работните обврски на училишнио педагог е и поддршката што им ја дава на наставниците за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето, за што има пропишани приоди и утврдени процедури.

Поддршката на наставниците се гледа и во организирање обуки во училиштето и преку посета на семинари на дел од наставниците кои потоа извршуваат десеминација на останатите наставници. Темите се во врска со планирањата и оценувањето, формативното и сумативното, примена на ИКТ во наставата, менаџмент во училница и други.

Наставниците, размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи, во разговор со колеги од колективот и во разговор со колеги од истородни предмети од други училишта. Се применуваат и укажувањата и насоките на советниците.

Распоредот на часови го прави еден наставник од училиштето во консултација со директорот, стручната служба и наставниците. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети на училиштето, изедначување на бројот на часови меѓу паралелките заради застапеноста на изборните предмети во редовната настава.

***<u>Приоритетни подподрачја</u>***

- ✓ **Опремување на училиштето со компјутери и други нагледни дигитални и аудио визуелни средства**
- ✓ **Подобрување на интерактивноста и стекнувањето на образовни знаења за практична применливост на**

**знаењата**

**Потпис на членовите на комисијата:**

**1. Оливера Лазева-Митева**

**2. Татјана Крстева Панева**

**3. Ивана Спасева**

**4. Христијан Насевски**

**Подрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**4.1. Севкупна грижа за учениците**

**4.2. Здравје**

**4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

**4.4. Следење на напредокот**

**Подрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

***4.1. Севкупна грижа за учениците***

| **Прегледани документи** | Собрани податоци |
|---|---|
| ✓ **Годишна програма за работа на училиштето**<br>✓ **Правилник за организација и** | Училиштето користи разни форми и активности преку кои се обезбедува грижа, благосостојба и заштита на учениците независно од половата и етничката припадност, вклучувајќи ги и учениците со пречки во развојот.Преку голем број на активности се следат нивните физички, |

**систематизација на работата и работните места**

- ✓ **План за соработка со Локалната самоуправа за зачувување на хигиената и здравјето на учениците**
- ✓ **Програма за работа на директорот и стручните соработници**

емоционални и социјални потреби, како и унапредувањето на менталното и физичкото здравје.

За учениците во ученичкиот дом училиштето има обезбедено квалитетна храна, пристојни услови за сместување, безбедност, добра хигиена и грижа за другите потреби на учениците.

Во ученичкиот дом се вработени воспитувачи кои се главната поддршка на учениците во ученичкиот дом, една хигиеничарка е задолжена за одржување на хигиената во домот, санитарните чворови и дворот.

Однапред се изготвува мени, во чиј состав учествуваат и учениците, со цел да бидат позадоволни..

Критериумите за калоричноста на храната се поставени по нормативот кој е изготвен од Факултетот за угостителство и храна од Охрид, а по покровителство на Министерството за образование и наука-оддел Ученички стандард.

Добавувачот е задолжен да ја контролира мерката, количината, рокот на траење и визуелниот изглед на храната. Храната се контролира така што повремено, се зема примероци од подготвената храна од страна на Заводот за јавна здраствена заштита на Р Македонија кој има своја лабораторија.

Училиштето не обезбедува увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во негова непосредна близина.

За обезбедување на заштитата на учениците во наставно-образовниот процес се преземаат следните активности:

- Училиштето се грижи да обезбеди квалитетна настава со

наставните средства и ресурси што ги поседува.

- Во гимназиската зграда учениците имаат кабинетска настава.
- Стручното училиште, каде опстојуваат струките земјоделско-ветеринарна, машинска и хемиско-технолошката имаат можност за кабинетска настава.
- Училиштен дом кој што е реновиран и има одлични услови за престој и храна за учениците од другите градови
- Учениците од профилот техничар за агроменаџмент практичната настава ја изведуваат во училишната фарма и повремено во претпријатија со кои училиштето има склучено меморандуми за соработка, учениците од машинската струка во приватни автосервиси, а учениците од ветеринарната струка во ветеринарната амбуланта Анимал Вет.
- Имаме запишано ученици во дуално образование што опфаќа соработка со одредени фирми во нашата општина и можности за добивање на стипендии.

Дека на СОУ „Кочо Рацин“ како воспитно-образовна институција на преден план од своите активности се учениците и нивното сопствено здравје се гледа преку соработката и поддршката на проекти на органите од Локалната самоуправа и други организиции од Општина Свети Николе како што се: МВР-Св.Николе, Црвен Крст-Св.Николе, Здравствен дом-Св.Николе.

Во сите овие активности вклучени се учениците при СОУ „Кочо Рацин“ со нивно директно учество, преку предавања, обуки, организирање акции, литературни и ликовни конкурси, изготвување на флаери, презентации

при што се освоени поголем број на признанија, благодарници и дипломи.

Во секојдневната работа со учениците, директорот, стручната служба и наставниците преку нивната постојана комуникација, разговори и прашалници ги следат и оценуваат емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците. Училиштето одговара на потребите во склад со расположивите ресурси.

Почнувајќи од класниот раководител, другите наставници и стручната служба се води грижа за безбедноста на учениците на тој начин што сите ученици имаат ист третман без разлика на материјалниот и социјалниот статус. За таа цел се забранува било каква дискриминација на национална, етничка, верска и полова основа. Учениците се учат да ги развиваат своите позитивни особини како што се искреност, чесност, другарство и друго. За да се спречат непријатни и конфликтни ситуации и други несакани појави направен е распоред за дежурство од страна на наставниците и учениците.

Во согласност со Законот за малолетничка правда, Законот за семејно насилство, во соработка со Центарот за социјална работа и полицијата се разрешуваат сомнежите за ментално и физичко злоупотребување.

Собрани податоци

За хигиената и уредноста на просториите во кои се изведува наставата, ходниците, санитарните чворови и училишниот двор се грижи техничкиот персонал во училиштето чиј број соодветствува на потребите за функционирање на училиштето. Истовремено се посветува посебно

внимание и советување за правилно користење и одржување на хигиената во тоалетите и инвентарот од страна на самите ученици и вработените во училиштето .

За да се одржува хигиената во училишниот простор, ходниците и скалите се чистат на секој одмор во текот на денот, а подот и мебелот секојдневно по завршување на работното време и работните обврски на наставниците и учениците. Останатиот инвентар во училиштето како што се прозорците и вратите се чистат двапати во текот на едно полугодие, и постојано се преземаат мерки за хигината да биде на се повисоко ниво. Хигиената во училишниот двор континуирано се одржува како од страна на наставниците, така и од страна на учениците од сите образовни профили преку акции, практична настава, еколошки патроли итн.

Континуирано се добиваат известувања од страна на Центарот за јавно здравје при Општина Свети Николе посебно наменети за одржување на здравјето на учениците во зимскиот период од учебната година.

### ***4.2.Здравје***

**Прегледани документи**

- ✓ **Годишна програма за работа на училиштето**
- ✓ **Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на учениците**
- ✓ **Куќен ред на училиштето**

Училиштето се грижи за здравјето на учениците и наставниците. Се организираат редовни систематски прегледи за учениците од прва и четврта година и за наставниците редовни санитарни и систематски прегледи.

Училиштето има пропишани процедури за грижа на учениците со посебни образовни потреби и соработува со родителите за постојана поддршка на инклузираните ученици. Учениците кои имаат посебни образови потреби уште при запишувањето во училиштето приложуваат наод и мислење од заводот за ментално здравје на деца и младинци – Скопје. Нашето училиште има инклузирано двајца ученици кои имаат постојана поддршка од стручниот соработник - психологот, педагогот, социологот, наставниците и учениците со типичен развој. Училиштето делумно ги

задоволува стандардите и за ученици со телесни пречки во развојот, постојат само пристапни рампи.

Откривањето на пост-конфликтните трауми го прави наставниот кадар, а стручната служба применува техники за надминување на травматичните искуства.

Училиштето ги поддржува учениците со здраствени проблеми за да ги надминат истите и им пружа можност за наставна и советодавна работа во склад со нивните специфики.

Важно е да се каже дека учениците се обучуваат и советуваат како да ги користат машините и опремата со која располага училиштето, за да не се повредат и да се обезбеди заштита и безбедност во просториите на училиштето и надвор од него.

Во куќниот ред на училиштето посебно се потенцира односот кон хигиената во училиштето и училишниот двор од страна на учениците. Учениците се запознати со куќниот ред во училиштето, но и со соодветните казни што следат од нивното несоодветно почитување. Куќниот ред на училиштето е прикажан и достапен на учениците и вработените преку поставување на соодветно место на огласната табла во холовите на училиштето, но и во секоја училница од почетокот на наставната година. Покрај Куќен ред имаме и Кодекс на однесување и Кодекс на облекување, кои што исто така се поставени на соодветни места во училиштето и училниците.

***<u>4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците</u>***

| **Прегледани документи** | **Собрани податоци** |
| --- | --- |
| ✓ **Програмата на стручната служба,** | Советодавната помош учениците ја добиваат најпрвин од |

- ✓ **Програмата на директорот**
- ✓ **Програмата на раководителите на паралелките**
- ✓ **Годишна програма за работа на училиштето**

класните раководители на класниот час. На класниот час учениците се информираат дека доколку имаат некаков проблем од било каква природа може да се обратат кај стручната педагошко-психолошката служба. Исто така и родителите преку родителските средби и преку покани се информираат за проблемите на нивните деца и нивната можност за разговор со соодветната педагошко-психолошка служба во училиштето.

Советодавната помош во училиштето добро се спроведува. Во програмските документи се предвидени програмски активности за професионална ориентација. Овие активности се составен дел на програмата на стручната служба, програмата на директорот и раководителите на паралелките.

Училиштето ги подготвува учениците за понатамошното образование. Во трета година учениците од гимназиското образование имаат можност да одберат пакет предмети според нивниот интерес, кој би бил влез за соодветен факултет.

Исто така учениците од стручните паралелки (земјоделско – ветеринарна, машинска и хемиска) имаат изборни предмети во трета година, со цел продлабочување на нивното стручно знаење. Учениците од стручните паралелки преку зголемен број на практична настава која ја следат директно се оспособуваат за пазарот на трудот, како и да бидат конкурентни на истиот. Училиштето им помага на учениците при изборот на занимањето, професијата и институцијата за понатамошно образование, доусовршување преку добро осмислена програма за професионална ориентација која содржи повеќе активности. Информирани се за помошта што можат да ја добијат во

училиштето. Добиваат навремени информации за концепцијата на државната матура како услов за конкурирање на факултет. Со учениците се разговара за важноста на одлуката поврзана за изборот на професијата во животот на човекот. Заинтересираните ученици се тестираат со тестови за вештините, способностите и особините кои ги поседуваат во соработка со соодветни институции. Исто така, доброволно, по сопствена желба се оценуваат нивните општи, специфични интелектуални способности и лични особини со психодијагностички мерни инструменти кои им помагаат во оформување на сликата за самите себе која е многу важна за реалните амбиции односно за менталното здравје. Учениците се оспособуваат за изработка на професионална биографија, мотивационо писмо, а добиваат и битни информации поврзани со интервјуто за работа.

Училиштето соработува и со агенцијата за вработување. Претставници на високообразовните институции го посетуваат училиштето и оддржуваат презентации при што учениците ги запознаваат со условите за конкурирање, програмите и други важни информации. За таа цел користат и промотивни материјали како летоци, брошури, ЦД и сл.

Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на изворот ( на пр. семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството...). Со нив разговара стручната служба во училиштето (психолог, педагог и социолог) која им помага преку советодавни и консултативни разговори или ги упатува до релевантни институции. Училиштето соработува со

здравствени установи, Центар за социјални работи и други организации и компетентни институции.

## *4.4. Следење на напредокот*

**регледани документи**

- ✓ **Годишни извештаи- архива**
- ✓ **Извештаи по квартали училишен педагог**
- ✓ **Педагошка евиденција**
- ✓ **Евиденција на заминати и новодојдени ученици**

**Собрани податоци**

По извршеното разгледување на педагошката евиденција и документација, како и во разговор со наставници и стручната служба, констатирано е следново:

- Наставниците водат уредна евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, што може да се види во електронскиот дневник , како и од евидентните листови кои им се доделуваат на учениците на секој квартал од учебната година. Целата документација е уредно пополнета и проверена од страна на стручната служба. Секој наставник води индивидуална евиденција на напредокот на учениците врз основа на сопствените проценки, писмени и усни проверки, контролни тестови, писмени работи и проектни задачи.
- Целата евиденција во врска со постигнувањата, напредокот, редовноста и поведението е достапна за сите наставници, родители и ученици. Родителите и учениците можат да ги дознаат сите потребни информации во врска со постигнувањата, напредокот, редовноста и поведението на учениците преку електронскиот дневник, на родителските средби, на

отворениот ден на училиштето за средба со родителите и преку евидентните листови.

- Уредно водената евиденција дава сериозен увид во постигнувањата на учениците и нивната редовност, за да се подобри истата и за таа цел.

Постои соработка помеѓу раководниот кадар, стручната служба, класните, предметните наставници и родителите. Наставниците подготвуваат извештаи по квартали за својата паралелка кои ги доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. Преку редовно одржување на класни и наставнички совети се врши анализа на извештаите, се предлагаат конкретни мерки кои треба да дадат резултати во подобрување на успехот и редовноста на учениците.

Постојат полугодишни и годишни извештаи за резултатот на секоја паралека поединечно.

- Полугодишниот и годишниот извештај содржи податоци за секоја паралелка и предмет и истите се достапни за сите заинтересирани страни.
- Се води редовна евиденција на заминати или новодојдени ученици. На испишаните ученици училиштето има обврска да им даде преведница, како и учениците кои доаѓаат од друго училиште имаат обврска да донесат преведница. Во преведницата стојат податоци за постигнатиот успех по предмети и податоци за редовноста на учениците.

**Подрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

| Методи кои се користени за собирање на податоци | Собрани информации |
| --- | --- |
| ✓ **Интервју со директор** | Прашање: Што прави училиштето за да им обезбеди добри хигиенски услови во интернатот и во училиштето на учениците и вработените?<br><br>Одговор на директор: Училиштето се грижи да обезбеди здрава и безбедна средина со одржување на хигиената на максимално ниво. Со целосното реновирање на интернатот и една од зградите условите се многу подобрени. Постојано проветрување на училниците и канцелариите и чистење на истите. Во текот на летото просториите каде се сместени учениците се детално исчистени, поминати се со средство за дезинфекција, ќебињата се испрани, тоалетите снабдени со течен сапун.<br><br>Прашање:Што прави училиштето за учениците да се чувствуваат безбедни во него и какви мерки презема за да ги заштити учениците од повреди при користење на машини и др. опрема / инструменти?<br><br>Одговор на директорот: Училиштето навремено ги санира сите кои можат да претставуваат опасност за учениците. Има поставено знаци на места кои не треба да се допираат и има план за евакуација . При користење на машини при практична настава делумно е обезбедена заштитна облека.<br><br>Прашање: Што прави училиштето за учениците да се чувствуваат безбедни во него и какви мерки презема за да ги заштити учениците од |

повреди при користење на машини и др. опрема / инструменти?

Одговор: Училиштето презема мерки за зголемување на чувството на безбедност на учениците. Преку системот планирани и тематски активности и влијае врз градењето на ненасилна култура на часовите по животни вештини, а градењето на истата го прави и стручната служба преку својата работа.Во училиштето е изготвен план за евакуација и учениците се запознаваат со протоколот за евакуирање преку симулациите ( која треба да се реализира).

- ✓ **Интервју со стручна служба**

Прашање: Како евиденцијата се користи за да се подобри наставата, работата на советодавните служби, подобрување на успехот, редовноста и напредокот кај ученииците?

Одговор на стручната служба: Стручната служба води педагошка евиденција за напредок на успехот на учениците, за нивната редовност и поведение во наставата, за потешкотиите кои ги имаат во учењето со цел подобрување одредени состојби и надминување на недостатоците.

Прашање: На кој начин стручната служба им помага на учениците со инклузија?

Одговор на стручната служба: Кога учениците со инклузија се запишуваат, стручната служба им укажува дека треба да имаат наод и мислење од заводот за ментално здравје на деца и младинци – Скопје. Потоа заедно со наставниот кадар изготвува ИОП (Индивидуален Образовен План) за секој ученик со цел подобро постигнување на резултатите од учење. Преку постојана комуникација и соработка со родителите на овие ученици.

**Подрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Резултати:**

**Клучни јаки страни:**

- ✓ Училиштето ги подготвува учениците за понатамошното образование.
- ✓ Учениците од стручните паралелки преку зголемен број на практичната настава која ја следат директно се оспособуваат за пазарот на трудот, како и да бидат конкурентни на истиот.
- ✓ Соработка на училиштето со локални фирми за следење на практичната настава за машинската и хемиско-технолошката струка
- ✓ Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на изворот ( на пр. семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството ...).
- ✓ Училиштето соработува со здравствени установи, Центар за социјални работи и други организации и компетентни институции.
- ✓ Училиштето води евиденција за напредокот, постигнувањата, редовноста и поведението на учениците која е достапна за сите заинтересирани страни
- ✓ Реновиран училиштен дом со услови за сместување и храна за ученици од други општини

**Слабости:**

- ✓ Мал број на надгледни средства за кабинетска настава особено по стручните предмети;

- ✓ Недоволни услови за спроведување на практичната настава по предметот Учење преку работа кај работодавач за профилот Агроменаџмент/ Агротехничар

**Подрачје: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

*Анализа на резултатите:*

Училиштето води севкупна грижа за учениците во училиштето, се грижи и труди да обезбеди квалитетна настава со скромните ресурси кои ги поседува училиштето, се грижи за хигиената и уредноста на просториите во кои се изведува наставата и училишниот двор, се грижи за безбедноста и зачувувањето на здравјето на учениците. Училиштето се грижи за квалитетот на храната во училишниот дом и се труди да обезбеди пристојни услови за смесување и благосостојба на учениците. Училиштето има пропишани процедури за грижа на учениците со посебни потреби. Училиштето соработува со родителите во обезбедување на грижата.

Советодавна помош во училиштето добро се спроведува. Во програмските документи се предвидени програмски активности за професионална ориентација. Овие активности се составен дел на програмата на стручната служба, програмата на директорот и раководителите на паралелките.

Наставниците водат уредна евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, што може да се види во електронскиот дневник, а воедно и во главните книги во архива , кои се уредно пополнети и проверени од страна на стручната служба, како и од евидентните листови кои им се доделуваат на учениците на секој квартал од учебната година. Секој наставник води индивидуална евиденција на напредокот на учениците врз основа на сопствените проценки.

***Приоритетни потподрачја***

- ✓ Создавање на услови за подобрување на практичната настава и кабинетска набавка по стручните предмети;
- ✓ Подобрување на соработката со бизнис заедницата , соработката со научни институции и други сродни организации;
- ✓ Обезбедување на поголем број надгледни средства

**Потпис на членовите на комисијата:**

1. Јасмина Тодосовска
2. Марија Костадинова
3. Силвија Накова

Подрачје: **УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

Оддели во рамките на подрачјето:

**5.1. Училишна клима и односи во училиштето**

**5.2. Промовирање на постигањата**

**5.3. Еднаквост и правичност - Познавање на правата на децата**

**5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**

**Подрачје: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

***<u>5.1 Училишна клима и односи во училиштето</u>***

**Теми:**

Кодекс на однесување

Училишна клима

Поведение и дисциплина во училиштето

Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки

**Прегледани документи**

- ✓ Годишен извештај за работата на училиштето
- ✓ Годишна програма за работа на училиштето
- ✓ Закон за средно образование
- ✓ Правилник за правата и одговорностите на учениците
- ✓ Интерни правилници
- ✓ Педагошка евиденција
- ✓ Дневници на паралелките
- ✓ Изјави
- ✓ Статистички извештаи

**Собрани податоци**

Грижата, заштитата, и благосостојбата на нашите ученици независно од нивната полова и етничка припадност, останува да биде еден од приоритетите на нашето училиште. Јакнењето и унапредувањето на на нивното физичко и ментално здравје се остварува преку бројни активности кои се вклучени во делот на редовната настава, и вончасовни активности.

Учениците директно и непосредно се вклучени во низа обуки, предавања, презентации и натпревари. Тие активно учествуваат во проекти, работилници, и конкурси кои се организирани во соработка со Локалните општински институции, службите на МВР, Здравен Дом и Црвен Крст на општина Свети Николе, за што нашите ученици добиваат бројни награди и признанија. Нашето досегашно искуство во делот на комуникацијата меѓу наставниците и учениците покажува континуиран однос на професионална соработка и колегијалност.

За дадените задачи и обврски се исполнуваат преку тимска работа каде што секој поединец има можност да ги изрази својте лични и индивидуални вештини и компетенции. Постои клима на всаемно респектирање и уважување на релација наставник – ученик. Вредностите како што е мултикулутрализмот и меѓуетничката интеграција се негуваат и практикуваат преку проектни активности каде сите засегнати страни работат на надминување на веќе постоечки меѓукултурни стериотипи.

Во оваа насока нашето училиште, во изминатиот период заокружи неколку проекти каде што учесниците учеа за уважување на културолошките разлики и всаемното почитување. Во училиштето исто така континуиарно се следи работата и постигањата на учениците, како преку нивните ментори така и преку стручните служби.

Дисциплината и почитувањето се на задоволително ниво за што покажуваат и статистичките податоци кој што се вклучени во официјалните документи на училиштето, како што се Годишната програма и Извештајот за работа на училиштето.

Дисциплината и почитувањето на куќниот ред во училиштето одат во корелација со училишниот Кодекс на однесување. Следствено на тоа поведението во учебната 2022/2023 во гиманзиското образование е следното:

| | **Примерно** | **Добро** | **Незадоволително** |
|---|---|---|---|
| I година | 45 | / | / |
| II година | 50 | / | / |
| III година | 58 | / | / |
| IV година | 30 | / | / |
| Вк. | 183 | / | / |

Додека пак поведението кај учениците во стручното образование е следното:

Земјоделско – ветеринарна струка

| | **Примерно** | **Добро** | **Незадоволително** |
|---|---|---|---|
| I година | 22 | 5 | 2 |
| II година | 11 | 9 | 2 |
| III година | 24 | 9 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| IV година | 8 | 1 | / |
| Вк. | 65 | 24 | 4 |

Машинска струка

| | **Примерно** | **Добро** | **Незадоволително** |
|---|---|---|---|
| I година | 16 | 1 | / |
| II година | 4 | 2 | 1 |
| III година | 9 | 3 | / |
| IV година | 7 | 1 | / |
| Вк. | 36 | 7 | / |

Сумирајќи ги овие резултати и досегашните искуства можеме да констатираме дека и понатаму главна причина за изрекување на педагошки мерки е изостанување од наставата а кај помал дел од учениците и по основ на агресивно и насилничко однесување или кршење на куќниот ред во училиштето.

Во разрешувањето на конфликтните ситуации активно се вклучени стручните служби, родителите и наставниците, и секоја од инволвираните страни добива објективен и правичен третман без разлика на нивната социјална и етничка позадина.

Учениците навремено добиваат информации во врска со нивниот личен

интерес, и преку ученичката заедница и класното раководство добиваат можност активно да партиципираат во донесување на одлуки од суштинско значење.

Родителите преку различни облици на делување како што се училишниот одбор, советот на родители, отворени денови за соработка, и денови за промоција на училиштето, се исто така активно вклучени во градењето на образовните политики во училиштето.

Училиштето исто така организира бројни случувања и настани во кој што се реализира интензивна соработка со јавноста и граѓанските организации на различни нивоа:

Локалната самоуправа, Организација Црвен Крст Свети Николе, Општинската Организација На Жени, Извидничкиот Одред Гоце Делчев, Меѓународниот Славјански Универзитет, и Домот На Култура - Свети Николе.

На овој начин допринесуваме за афирмација и зајакнување на нашата меѓуинституциална соработка и градење на угледот на нашето училиште, на локално ниво и пошироко.

## ***5.2 Промовирање на постигањата***

**Теми:**

Промовирање на личните постигања на учениците

Промовирање на постигањата во име на училиштето

| **Прегледани документи** | **Собрани податоци** |
|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето<br><br> Годишен извештај за работата на училиштето<br><br> Статистички извештаи<br><br> Извештаи од класни раководители<br><br> Пофалби, награди, благодарници<br><br> Меморандум за мултилатерална соработка<br><br> Договор за соработка и вклучување во италијанската мрежа за мир<br><br> Медиумско промовирање на постигањата на учениците<br><br> Огласна табла<br><br> Изложбено пано<br><br> Фотографии | Промовирање на личните постигања на учениците.<br><br>Наставничкиот кадар ја организира работната средината за учење и очекува солидни постигнувања, редовност и дисциплина на учениците. Делумно учениците имаат очекувања за повисоки постигнувања во нивното оценување.<br><br>Сите видови активности, учества, постигања и успеси на учениците се резултат на несебичното ангажирање на наставниот кадар и нивните ментори. Учениците кои постигнуваат успех, се афирмираат самите себе, а со тоа го промовираат и училиштето.<br><br>Училиштето ги наградува учениците кои учествувале и постигнале значајни резултати на општинско и републичко ниво на натпреварување, со јавно врачување на дипломи и благодарници на денот на одржување на Патрониот празник на училиштето. По претходно изготвени критериуми, училишната комисија за наградување, секоја година прогласува ученик на генерацијата, кој добива парична награда.<br><br>Се наградуваат учениците без изостаноци, како и за континуиран одличен успех. Сите овие ученици јавно се истакнуваат и пофалуваат преку огласување на огласна табла, во статистичките извештаи, се наградуваат со еднодневни екскурзии на места во Р. Македонија, како и изложување на трудовите на паноа во холот на училиштето. Училиштето се соочува со недостиг од финансиски средства за поголема мотивација на учениците и на менторите.<br><br>Промовирање на постигањата во име на училиштето<br><br>Промовирањето на успешните ученички содржини и активности со заемна соработка се реализира и со потпишување на Меморандум за соработка на сите земјоделски училишта од нашата држава и надвор од неа. |

## *5.3 Еднаквост и правичност*

**Теми:**

- ✓ Познавање на правата на децата
- ✓ Еднаков и правичен третман на сите ученици
- ✓ Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот

**Прегледани документи**

- ✓ Статистички извештаи
- ✓ Педагошка евиденција
- ✓ Програма за работа на стручната служба
- ✓ Брошура за правата на децата
- ✓ Веб-портал

**Собрани податоци**

**Познавање на правата на децата**.

Училиштето ги информира учениците за сите акти, брошури и друг материјал во кои се промовираат правата на децата. Училиштето има свој правилник и кодекс на однесување според кој сите ученици имаат подеднакви права, без оглед на полот, етничката припадност и социјалниот статус.

Сите вработени во училиштето ги познаваат и почитуваат правата на учениците, при што кон сите ученици имаат респект, кој се засновува на односот на наставникот како педагог да делува во сите ситуации во училиштето. Тоа значи дека наставниците на часовите градат таква атмосфера во која учениците слободно ќе ги покажат своите образовни, интелектуални и творечки особини без да се почувствува било каква разлика меѓу учениците.

Освен тоа секој ученик има дополнителна поддршка и помош од наставниците не само на редовните часови туку и на дополнителната и додатната настава. Како резултат на ваквиот начин на работење секој ученик може да се реализира во целост во однос на неговите афинитети и способности.

Сите наставници јавно ги истакнуваат критериумите за оценување пред учениците, со што тие добиваат можност да добијат објективни оценки кои се

резултат само на нивното знаење. Исто така и соопштувањето на резултатите е јавно, а големо значење има и самоевалуацијата на учениците.

За позитивната клима во училиштето голема важност имаат и класните часови на кои класните раководители отвораат теми за правилно градење на личноста на младите, за мотивирањето за постигнување на подобри резултати во учењето, во стручното усовршување и помагањето на своите соученици. Училиштето навремено ги запознава учениците со најважните информации поврзани со наставата, со спортските натпревари и со културно-забавниот живот во училиштето и во градот преку разни соопштенија и информации кои се истакнуваат на огласна табла. Сите ученици слободно се вклучуваат во спортските и културно-забавните манифестации без разлика на полова или етничка припадност.

Во разговорот со вработените од стручната служба се добија информации за подеднаквиот третман кон сите ученици кој започнува уште со доаѓањето на учениците во училиштето. Сите ученици без разлика на полот, етничката припадност и социјалниот статус може самите да ја изберат својата струка и да се докажат во истата. Во текот на целото образование сите ученици можат да добијат помош од педагог, психолог и социолог кои се во училиштето.

Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, учениците, родителите). Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.. Може да се каже дека нема никакви разлики во односот кон различните ученици и не би требало да има и

во иднина, а за тоа да биде така треба сите да работат вредно и чесно според правилникот и кодексот за однесување..

**Еднаков и правичен третман на сите ученици**

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да препознаат случаи на нивно нарушување во пракса. Во училиштето се образуваат ученици од гимназиско и стручно образование кои имаат еднаков и правичен третман.  Училиштето ги запознава учениците со нивните права и им овозможува да ги практикуваат

**Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**

Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето организира заеднички наставни и/или воннаставни активности наменети за културно-јазички мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште. Наставната програма е прилагодена на индивидуалните можности и способности на ученикот со посебни образовни потреби. Напредокот и постигањата на учениците со посебни образовни потреби ги следи предметниот наставник и преку ревизија на индивидуалниот образовен план доколку е потребна.

## ***5.4. Партнерски однос со родителите и деловната заедница***

**Прегледани документи** **Собрани податоци**

| | |
|---|---|
| -Извештај за работа на училиштето<br><br>-Записници од совет на родители и родителски средби<br><br>-Записници и одлуки од состаноци од Училишниот одбор<br><br>-Педагошка евиденција и документација за општествено корисна работа, за јавно културна дејност<br><br>-Извештаи од работата со<br><br>деловната заедница и невладиниот сектор<br><br>-Извештај за работа на училиштето | **5.4.1. Соработка на училиштето со родителите**<br><br>Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето преку Совет на родители, родителски средби и Училишен одбор. Во текот на учебната година се одржуваат од четири до шест родителски средби. Има акции од хуманитарен карактер во соработка со ОО„Црвен крст“ – Свети Николе преку учество на различни едукативни семинари, обуки во давање на прва помош и собирање на облека и храна. Постојат и посети на театарски претстави, изложби, саеми, а и настапи на учениците по повод Патрониот празник, литературни средби и читања во соработка со градската библиотека и сл.<br><br>Има и соработка и со невладиниот сектор : Општинска организација на жени – Свети Николе, ОО„Црвен крст“ – Свети Николе, Извиднички одред „Гоце Делчев“ – Свети Николе, Мото клуб - Свети Николе. Домот на културата „К.П.Мисирков“ – Свети Николе, Меѓународен Славјански Универзитет Свети Николе, МВР - Свети Николе, Министерство за финансии, ТППЕ – Свети Николе, Приватни фирми : АД „Мода“ – Свети Николе. |

| **Методи кои се користени за собирање на податоци** | **Одговорни за собирање на информации** | **Собрани информации** |
|---|---|---|
| **Интервју со Стручна служба** | Сунчица Здравкова | Родителски средби се одржуваат минимум 4 во текот на годината. Училиштето прави напори за постојана комуникација со родителите и нивно известување за активностите на учениците и училиштето. Евидентно е послабо присуство на родителите во стручното, додека присуството во гимназиското образование е подобро |

**Подрачје: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

**Резултати:**

Клучни јаки страни:

- ✓ Високо стручен и професионален наставен кадар
- ✓ Соработка меѓу колегите
- ✓ Учество на разни општински, државни и меѓународни натпревари и освојување на многубројни награди
- ✓ Соработка со стручна служба
- ✓ Соработка со локалната заедница
- ✓ Редовно информирање на учениците и родителите
- ✓ Почитување на правата на децата
- ✓ Постојано следење на личните постигања на учениците и на училиштето

Слабости:

- ✓ Проследено е недоволно ангажирање на Ученичката заедница и останатите ученици во организирањето на разни активности и проекти
- ✓ Постои недоволна соработка со училишта од другите земји

**Подрачје: Училишна клима и односи во училиштето**

***Анализа на резултатите:***

Во училиштето постои професионална соработка помеѓу наставниците што се изразува со тимска работа, која придонесува за позитивна атмосфера во училиштето. Исто така односот меѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување. Сите ученици се прифатени во училиштето без оглед на полот, способностите, социјалната култура, етничката припадност и вера.

Редовноста и дисциплината се надминуваат преку индивидуални разговори со учениците, родителите, класниот раководител и сручната служба. Наставниците скоро секогаш успешно се справуваат со дисциплината и редовноста на учениците. Но, понекогаш проблемите со дисциплината и редовноста резултираат со изрекување на соодветни педагошки мерки, согласно Законот за средно образование и Правилникот за начинот на изрекување на педагошките мерки во присуство на класниот раководител, ученикот, родителот и стручната служба.

Училиштето презема активност за да ги промовира личните постигања на учениците, преку континуирано следење и евидентирање на истите. Наставничкиот кадар ја организира средината за учење и очекува солидни постигнувања, редовност и дисциплина на учениците. Делумно учениците имаат очекувања за повисоки постигнувања во нивното оценување. Сите видови активности, учества, постигања и успеси на учениците се резултат на несебичното ангажирање на наставниот кадар и нивните ментори. Учениците кои постигнуваат успех, се афирмираат самите себе, а со тоа го промовираат и училиштето.

Училиштето има свој правилник и кодекс на однесување според кој сите ученици имаат подеднакви права, без оглед на полот, етничката припадност и социјалниот статус. Сите вработени во училиштето ги познаваат и почитуваат правата на учениците, при што кон сите ученици имаат респект, кој се засновува на односот на наставникот како педагог да делува во сите ситуации во училиштето.

Во разговорот со вработените од стручната служба се добија информации за подеднаквиот третман кон сите ученици кој започнува уште со доаѓањето на учениците во училиштето во услови на пандемија. Сите ученици без разлика на полот, етничката припадност и социјалниот статус може самите да ја изберат својата струка и да се докажат во истата. Во текот на образованието учениците можат да добијат помош од педагог, психолог и социолог кои се секојдневно во училиштето.

Рамноправниот однос кон сите родители не се манифестира преку нивно вклучување во сите училишни: наставни и вонаставни активности. На индиректен начин,со други методи целта е да се подигне свеста и интересот кај сите

родители, за што поактивно и поконтинуирано да делуваат со свои идеи и предлози како и со лични залагања и придонеси, со што партнерскиот однос би ја зголемил заемната доверба, културата во комуникацијата и секако најмногу од сè во полза на учениците, доаѓање до нови решенија за одредени ситуации и со нивна помош осознавање на проблеми за кои наставниците немале сознанија.

Нашите ученици земаат  учество во сите настани иницирани од локалната заедница со свои музички, драмски, рецитаторски, спортски, ликовни и други содржини. Учествуваат и во одбележување на сите позначајни општествени и културни датуми. Училиштето соработува и со деловната заедница. Во последно време расте интензитетот на соработка со невладиниот сектор со којшто создава добра комуникација и се гради солидна основа за конструктивност врз цврстата и нераскинлива врска којашто секако започнува од образованието. Со вклучување на наши ученици во одредени проекти, тие постепено се запознаваат со општествените законитости, со нивните права, но и обврски.

**Приоритети**

- ✓ *Интензивирање на соработката со сродни училишта во Македонија и надвор од неа*
- ✓ *Поинтензивно вклучување на ученичката заедница и останатите ученици во организирањето на разни активности и проекти*

Потпис на членовите на комисијата:

1. Сунчица Здравкова__________________________

2. Маринела Зафирова____________________________

3. Зоран Стојановски____________________________

4. Тодор Димов____________________________

## ПОДРАЧЈЕ 6. РЕСУРСИ

### 6.1. Сместување и просторни капацитети

### 6.2. Наставни средства и материјали

### 6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

### 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

### 6.5. Финансиско работење во училиштето

**ПОДРАЧЈЕ 6. РЕСУРСИ**

***6.1. Сместување и просторни капацитети***

Теми:

Искористеност на просторните капацитети

Просторни услови

**Прегледани документи**

- Годишна програма за работа;
- Распоред на часови;
- Записници од работата на стручните активи;
- Интервју со директор;
- Интервјуа со наставниците (и помошниците директори за настава).

**Собрани податоци**

Наставата во Средното општинско училиште „Кочо Рацин“ се одвива во релативно одржани училишни објекти кои располагаат со училници кои се адаптирани за одвивање на настава.

Капацитетите со кои располага се оптимално искористени и се достапни за користење на сите членови на училиштето. Наставата се реализира во две просторно оддалечени училишни згради.

Во едната зграда (гимназиска), лоцирана во центарот на градот, заеднички простории за наставниот кадар има, но просторно се недоволни.

Во внатрешниот простор на гимназиската зграда постојат:

**Подрум**

- кабинет по музичка култура-56 м2

**Приземје**

- 1 кабинет по физика – 56м2
- помошна просторија на кабинет по физика -14м2
- 1 кабинет по информатика 50,5м2
- 3 училници од по 56м2
- библиотека  која се наоѓа во холот на училиштето
- санитарни простории за учениците (машко и женско)
- просторија адаптирана за дежурни ученици со разглас

**Прв спрат**

-1 кабинет по хемија 56м2
- помошна просторија на кабинет по хемија – 14м2
- 3 училници од по 56м2
- санитарни простории за учениците (машко и женско)

**Втор спрат**

-1 кабинет по биологија 56м2
- помошна просторија  – 14м2
- 1 училница од 50,5м2
- 3 училници од по 56м2
- санитарни простории за учениците (машко и женско)

**Канцеларии**

- канцеларија на директор 24м2
- канцеларија на секретар 12,5м2
- канцеларија на книговодство 12,5м2
- наставничка канцеларија 37м2
- канцеларија на помошен директор 12,5м2
- канцеларија на архива 12,5м2
- канцеларија на педагошка служба 12,5м2
- помошна просторија - 12,5м2
- 1 просторија за помошен персонал
- санитарна просторија за наставниците.

Санитарните јазли се недоволни и делумно се адаптирани според потребите.

Големината на училниците соодветствува со бројот на учениците по паралелки.

Направена е реконструкција на прозорите на училниците на сите катови, на прозорите во ходникот на првиот и вториот кат, а исто така и на прозорите кои се наоѓаат од западната страна на ходникот на приземје. Заменета е и влезната врата од задната страна со ПВЦ врата.

Кровната конструкција на училиштето е дотраена и има потреба од нејзино реновирање, заедно со фасадата.

Во другата зграда (земјоделска), лоцирана на влезот од градот постојат:

-1 помошна просторија - 82,5м2

**Зграда 1**

- 2 училници од по 59м2
- 2 училници од по 57м2
- 1 училница која фунционира како помошна канцеларија е 59,5м2
- 1 училница од 44м2
- 2 училница од 29м2
- 1 училница од 25м2
- 1 училница од 30,5м2
- санитарни простории за учениците (машки и женски)

**Зграда 2**

- 1 училница (под скали) 33,5м2
- библиотека 12,5м2

**Приземје**

- 4 училници од по 35м2
- санитарни простории за учениците (машко и женско)

**Прв спрат**

- 1 училница од 58м2

- 4 училници од по 35м2

- санитарни простории за учениците (машко и женско)

**Канцеларии**

- канцеларија за помошен директор 18,5м2

- наставничка канцеларија 72м2

- канцеларија за стручна служба 12м2

- санитарни простории за наставниците

Санитарните јазли се доволни и адаптирани според потребите. Поставени се нови санитарни елементи.

Просторот кој се користеше како сала за спорт и спортски активности во земјоделската зграда не ги задоволува потребите за изведување на наставата.

Училиштето има план и распоред за употреба на расположливите средства и капацитети за изведување на наставата со што делумно ги задоволува потребите на учениците.

За изведување на наставата по спорт и спортски активности училиштето располага со два спортски терени.

Често наставата се изведува во градската спортска сала Цар Самоил.

Наставата се изведува во една смена во двете училишни згради.

Поради реновирањето на една од зградите, наставата во учебната 2021/2022 година се изведуваше само во гимназиската зграда во две смени.

Изградени се летниковци на парковската површина пред Ученичкиот дом за потребите на учениците и вработените и можност за изведување на практична настава. Комлетно се реновирани Ученичкиот дом и една зграда во која се изведува настава во стручното образование.

Во врска со овој индикатор се јавуваат следниве потреби:

-адекватно опремени простории за одделните профили - за машинска и за земјоделско-ветринарна струка;

-промена на асфалтот на спортските терени;

-потреба и набавка на нови спортски реквизити;

-потреба од адекватна соблекувална за учениците кои треба да се подготват за час по спорт и спортски активности;

-кабинетска настава во земјоделската зграда;

-потреба од кабинет по музичко образование, кабинети по ликовна уметност и други кабинети по одредени стручни предмети;

-потреба од сала за спорт и спортски активности во земјоделската зграда;

-реновирање на внатрешниот простор во втората зграда во која се одржува настава за стручното образование;

-објекти за реализација на дел од образовно-работната практика.

### *6.2. Наставни средства и материјали*

Теми:

Училишна библиотека

Потрошен материјал

| **Прегледани документи** | **Собрани податоци** |
|---|---|
| ✓ Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала<br>✓ Пописна листа<br>✓ Увид во библиотечната евиденција<br>✓ Разговор со одговорното лице<br>✓ Разговор со наставниците,стручната | Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br><br>Библиотеката располага со литературни и лектирни изданија, но дел од нив се стари наслови кои повеќе не се во употреба. Евиденцијата во библиотеката се води уредно, но има потреба од компјутер за компјутерско водење на истата.<br><br>Училиштето има недостиг на понови изданија на стручна литература и современи нагледни средства. Библиотеката располага со стручна литература којашто по број и квалитет делумно ги задоволува потребите на учениците и наставниците. Стручната литература е застарена. Поради недостиг од неа, одговорните лица за библиотечниот фонд постојано поднесуваат барања за обновување на истиот со нови изданија.<br><br>Набавениот потрошен материјал делумно ги задоволува основните потреби на |

служба и директорот

- ✓ Разговор со учениците
- ✓ Документација за планирани и набавени потрошни материјали
- ✓ Самоевалуација на училиштето и план за развој на училиштето
- ✓ Записници од стручни активи

училиштето (хартија, креди, маркери за табли и сл.).

Постои Интернет конекција која овозможува примена на современи методи во наставата. Наставниците можат да ги користат ЛЦД телевизорите кои ги има во неколку училници.

Во земјоделската зграда училниците не се опремени со компјутери, освен што кабинетот по информатика е опремен со компјутери. Овозможена е Интернет конекција во двете училишни згради.

Во гимназиската зграда во просториите за стручната служба, за архивата, за секретарката и за директорката има компјутери и Интернет конекција. Сепак, компјутерите се стари и има реална потреба од нови.

Информатичката опрема не ги задоволува потребите на наставниците и учениците.

Во училиштето функционира една библиотека во двете училишни згради која располага со книжен фонд кој во најголем дел се лектирни изданија, а помалку белетристика и стручна литература. Одговорните лица ги имаат во предвид потребите од нови изданија и доставуваат барања за набавка на истите.

Книжниот фонд делумно ги задоволува потребите на учениците.

По извршениот увид во фактичката состојба и по прашалникот за ученици може да се заклучи дека книжниот фонд е недоволен и делумно ги задоволува потребите на учениците со оглед на бројот на учениците.

Речиси и да нема стручна литература за одделните струки кои постојат во нашето училиште која им е неопходна на учениците и наставниците.

Училишната библиотека работи во една смена во текот на учебната година. Само учебната 2021/2022 година библиотеката работеше во две смени.

Книжниот фонд е добро подреден, просторот е рационално исполнет, а евиденцијата се води навремено и според прописите. Постои програма за библиотечно работење.

Вкупниот број на книги изнесува 32350 + 4022 - во двете училишни згради. Од тие 85% се лектирни изданија, 10 % се стручна литература и 5% се други наслови.

Библиотеката не е опремена со компјутер и Интернет конекција.

Наставни помагала има во мал број, а повеќето од нив се дотраени или се надвор од функција.

Набавениот потрошен материјал (пенкала, хартија, креди и сл.) делумно ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Не постои план за набавување на потрошен материјал.

Во гимназиската зграда има два фотокопира за потребите на училиштето.

Има 1-ЛЦД проектор кој се користи како аудио-визуелно средство во текот на наставниот процес, 1- разгласна станица и 5 телевизори.

Во другата зграда (земјоделска) само две училници се опремени со комјутери. Има еден ЛЦД проектор и 3 телевизора, фотокопир и скенер и две смарт табли.

Во врска со овој индикатор се јавуваат следниве потреби:

-изготвување на план за набавка на потрошен материјал;

-набавка на нагледни средства, стручна литература и збогатување на книжниот фонд на училишната библиотека;

-да се набави дополнителна ИКТ опрема за непречено одвивање на ИКТ

наставата;

-набавка на фотоапарати кои би се користиле за интерни потреби;

-набавка на фотокопири и хартија за разни потреби на наставниците.

-адаптирање на помошни простории (соблекувална) за учениците од земјоделската зграда

## ***6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар***

Теми:

Ефективност и распоредување на кадарот

Стручната служба како поддршка на наставниот кадар

Број на вработени и соодветност на наставниот кадар

**Прегледани документи**

- ✓ Увид во досиејата на вработните
- ✓ Интервју со секретар
- ✓ Увид во правилникот за систематизација
- ✓ Разговор со директорот и со

**Собрани податоци**

Во училиштето се вработени вкупно 76 лица – 46 се жени, а 30 мажи, од кои 55 се наставници, 6 стручни соработници, 2 раководни места-директор и помошен директор, 13 се административно технички персонал. Во ученичкиот дом – 3 работни места, во производство (економија) – 2. На неопределено работно време се вработени 70 лица, а на определено се 6.

Над 30 години работен стаж имаат 10 вработени, над 20 години имаат 15 вработени, над 10 години стаж имаат 23 вработени и по 10 години имаат 21 вработен.

наставниците

- ✓ Годишна програма за работа на училиштето
- ✓ Програма за работа на стручната служба
- ✓ Образец за набљудување на час од стручната служба
- ✓ ЕМИС и ХРМ системи

Наставниот кадар е во согласност со нормативите. Училиштето има обезбедено доволен број на наставен кадар. Сите наставници се со стекнато високо образование.

Сите наставници се имаат стекнато со педагошка, психолошка и методска квалификација за извршување на наставниот процес освен наставниците-приправници. Работата на наставниот кадар е соодветно надополнета и олеснета од страна на административно-техничкиот персонал.

Целиот персонал е редовно присутен во извршувањето на работните обврски, без разлика дали наставата се одвива онлајн или со физичко присуство. Сите отсуства од работа навремено се пријавуваат кај работодавниот орган. Отсуствата од работа се во согласност со Законот за работни односи и се евидентираат кај надлежната служба (правно - административна). Според евиденцијата повремено има оправдани отсуства, но со цел да нема прекин во наставниот процес отсутните наставници се пријавуваат кај помошниците директори за настава и навремено се прави нов дневен распоред. Постои дневник за евиденција во кој се наведува кој наставник ги заменува отсутните наставници, било да е за еден час, за неколку часови, за целодневно или повеќедневно отсуство. Задолжителното присуство на наставничките и класните совети се евидентира на посебен список.

Училиштето има стручна служба која им помага на наставниците во организација на наставата, во следењето на напредокот на учениците, во справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и во давање советодавна помош на учениците. Редовно врши набљудување на часови. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа – работилници или анкети со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

Во врска со овој индикатор се јавуваат следниве потреби:

- реална потреба од комјутери во сите канцеларии со непречена интернет конекција за поквалитетно извршување на професионалните обврски.

## ***6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар***

Теми:

Професионален развој на наставниците ( и сите вработени)

**Прегледани документи**

- ✓ Интерни акти;
- ✓ Разговор со стручната служба; наставниците и директорот
- ✓ Програма за професионален развој на наставниот кадар;
- ✓ Листи од спроведени интерни

**Собрани податоци**

Во секое време училиштето води стратегија за обезбедување на професионалниот кадар и ја обезбедува потребната поддршка согласно колективните и индивидуалните потреби на наставниците. На наставниците им се одржуваат обуки, организирани и од самите наставници во вид на десеминации, а со тоа се постигнуваат и подобри резултати во изработката на годишните и тематските планови и воопшто во реализацијата на наставата. Сепак, наставниците имаат потреба од повеќе интерни обуки за нивно усовршување.

обуки;

- ✓ Сертификати за посета на семинари и обуки.

Во училиштето се реализираат повеќе проекти во соработка со локалната и деловната заедница.

Проекти кои се реализирани надвор од нашето училиште се проектите помогнати од програмите Erasmus+ и Access во кои се вклучени наставници и ученици. Реализирани беа проекти во Албанија, Турција, Латвија, Естонија, Грција, Хрватска, Португалија, Шпанија и Полска, како и во Охрид, Македонија. Овие проекти се реализираа во периодот од 23.07.2021 до 19.05.2023 година. Се очекува наставниците да продолжат да ги реализираат проектите од горенаведените програми поврзани со гимназиското и со стручното образование.

Волонтерите (ученици) од Црвен крст редовно се вклучуваат во проекти за хуманитарни потреби.

Во изминатата 2021/2022 учебна години, како и во 2022/2023 континуирано се одвива соработка со УЈП и се реализира едукација за учениците од четврта година на тема - „Фискална едукација-даночна едукација“. Училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот за нивен професионален развој. Постои Правилник за наградување-се доделуваат признанија и благодарници за активно и континуирано учество во интерни проекти и активности.

На наставниците приправници, училиштето им овозможува помош преку назначување на ментори. Секој приправник добива ментор кој ја следи работата на приправникот и му помага во работата за време на приправничкиот статус и за полагање на стручен испит.

Стручната служба уредно води портфолија за професионален развој на наставниот кадар, односно професионални досиеја во кои се евидентираат сите инструменти за наставата - признанија, сертификати, дипломи и сл. Овие

професионални досиеја континуирано се ажурираат.

Во врска со овој индикатор се јавуваат следниве потреби:

-идентификување на потребите од наставниците и стручната служба за стручно усовршување и обезбедување учество на повеќе ообуки;

-наставниците да имаат можност да влијаат на изборот на теми и облици на стручното усовршување во училиштето.

***<u>6.5 Финансиско работење на училиштето</u>***

Теми:

Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

**Прегледани документи** **Собрани податоци**

| | |
|---|---|
| ✓ Годишна програма за работа;<br>✓ Административна служба;<br>✓ Разговор содиректор;<br>✓ Разговор со наставници;<br>✓ УО;<br>✓ Записници и одлуки на УО;<br>✓ Разговор со Советот на родители;<br>✓ Реализација на јавни набавки. | Сите постапките поврзани со финансиско работење коишто ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи. Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства при што редовно се следи наменското трошење на овие средства. Училишниот одбор е запознат со финансиските активности на училиштето.<br><br>Во училиштето постои Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според сите правилата и прописите поврзани со реализацијата на јавните набавки. Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето.<br><br>Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределување на финансиските средства. Раководниот кадар постојано ги консултира сите вработени кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност.<br><br>Целиот буџет се користи наменски и за креативни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, учењето и развојот на училиштето во целина.<br><br>Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето. |

**Подрачје: РЕСУРСИ**

| Методи кои се користени за собирање на податоци | Собрани информации |
|---|---|

- ✓ Прашалник за ученици

На прашањата дали учениците редовно добиваат лектирни изданија 70%од учениците одговориле дека нивните потреби не се целосно задоволени.

Според одговорите учениците сметаат дека постојано треба да се обновува библиотечниот фонд за да се задоволат нивните потреби како за лектирни изданија, така и за белетристика и стручна литература.

Најчести предлози за збогатување, за промена на библиотечниот фонд се:

-предлозите од учениците да се земат во предвид кога се врши нарачка на книги:

-постојано да се обновува библиотечниот фонд.

- ✓ Прашалник за наставници

80% од испитаните наставници се изјасниле дека имаат потреба од обуки за стручно усовршување на наставниците, а 20% дека немаат потреба од дополнителни обуки.

На прашањето „Дали наставниците имаат можност да влијаат на изборот на теми и облици на стручното усовршување во училиштето“, 30%од испитаниците сметаат дека имаат можност да влијаат на изборот на теми и облици на стручното усовршување во училиштето, а 70% сметаат дела немаат можност да влијаат.

На прашањето дали имаат потреба од обука за работа со деца со посебни потреби 95% сметаат дека имаат потреба, а 5% одговориле со негативен одговор.

Наставниците сметаат дека недостасуваат ЛЦД-проектори, видео

| | |
|---|---|
| | материјали и печатачи. |
| | На прашањето „Дали училиштето има прифатено проекти кои му донеле материјална или техничка корист“ – 70% од испитаниците одговориле да, 30% одговориле негативно. |
| ✓ Разговор со наставници | На прашањето дали наставниците имаат потреба од дополнителна обука од областа на ИКТ, 70% одговориле со да, а 30% со не. |
| | На прашањето дали вработените имаат увид во постапките кои се преземаат за финансиското работење – 15% од испитаниците одговориле да, 35%  одговориле не знам и 50% одговориле не. |
| ✓ Прашалник за наставници | Дали вработените редовно се информирани за училишниот буџет и трошоците – 10% од испитаниците одговориле да, 50% одговориле нез нам и 40% одговориле не. |
| ◦ Интервју со педагог | Дали во училиштето се изработуваат проекти со кои се конкурира за добивање на финансиски средства и техничка помош - 80% од испитаниците одговориле да, 20% одговориле не знам, и нема испитаници кои се изјасниле со не. |
| | Генерално сите вработени се присутни на работните места, но потребно е да имааат попорофесионален пристап кон извршување на обврските. |

**Подрачје: РЕСУРСИ**

**Резултати:**

Клучни јаки страни:

- ✓ Соработката на раководниот тим со останатите субјекти во училиштето се одвива непречено, а се одржуваат и добри односи со јавноста (промоција на училиштето);
- ✓ Училиштето има обезбедено доволен број на наставници за непречено одвивање на наставниот процес;
- ✓ Наставниците ефективно даваат придонес во поглед на тимската работа и во рамките на стручните активи;
- ✓ Училиштето развива меѓународна соработка со помош на проектите реализирани од програмата Еразмус+ и успешно ги реализира истите;
- ✓ Снабдувањето на училиштето со електронски табли;
- ✓ Реконструкцијата на едната зграда во која се одвива наставата за стручното образование.

Слабости:

- ✓ Недостаток од фискултурна сала и во стручниот дел;
- ✓ Недоволна опременост на училниците со комјутери и други нагледни и аудио-визуелни средства;
- ✓ Недостаток на нагледни средства и помагала;
- ✓ Недостаток од дополнителни обуки за усовршување на наставниот кадар, а воедно и на наставниот процес.

**Подрачје:РЕСУРСИ**

**Анализа на резулатите:**

Средното општинско училиште „Кочо Рацин“ располага со капацитети оптимално искористени и достапни за користење на сите членови на училиштето. Наставата се реализира во две просторно оддалечени училишни згради.

Училиштето има план и распоред за употреба на расположливите средства и капацитети за изведување на наставата. Наставата се изведува во една смена.

Училиштето располага со стручна литература којашто по број и квалитет делумно ги задоволува потребите на учениците и наставниците. Стручната литература е застарена. Книжниот фонд делумно ги задоволува потребите на учениците.

Наставни помагала има во мал број, а повеќето од нив се дотраени или се надвор од функција.

Резултатите покажуваат дека е потребно да се набави дополнителна ИКТ опрема за непречено одвивање на ИКТ наставата.

Сите наставници се стекнати со педагошка, психолошка и методска квалификација за извршување на наставниот процес освен наставниците-приправници. Работата на наставниот кадар е соодветно надополнета и олеснета од страна на административно-техничкиот персонал.

Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.

Училиштето води стратегија за обезбедување на професионалниот кадар и ја обезбедува потребната поддршка согласно колективните и индивидуалните потреби на наставниците.

Поддршката на наставниците се гледа и во организирање обуки во училиштето и преку посета на семинари на дел од наставниците кои потоа извршуваат десеминација на останатите наставници.

Училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот за нивен професионален развој. Постои Правилник за наградување-се доделуваат признанија и благодарници за активно и континуирано учество во интерни проекти и активности.

Постапките поврзани со финансиско работење коишто ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи.

**Приоритетни подподрачја:**

- ✓ Изработка и аплицирање со проекти во насока на обезбедување на простор за реализирање на наставните планови и програми за спорт и спортски активности
- ✓ Опремување на сите училници со смарт табли за потребите на наставниот процес;
- ✓ Адаптирање на библиотеката во медиотека и осовремување на библиотечниот фонд со стручна литература;
- ✓ Адаптирање на помошни простории (соблекувална) за учениците од земјоделската зграда;
- ✓ Воспоставување на хармонична средина во која ќе може непречено да се организира воспитно-образовниот процес и да се постигнуваат предвидените цели и резултати.

Потпис на членовите на комисијата:

1. Ангела Маркова ___________________________

2. Игор Манев ___________________________

3. Јасмина Тодосовска___________________________

4. Благица Петрова ___________________________

**Подрачје 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

Оддели во рамките на подрачјето:

| Бр. | **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| **7.1** | **Управување и раководење со училиштето** | ▪ Управување со училиштето<br>▪ Раководење со училиштето |
| **7.2** | **Цели и креирање на училишната политика** | ▪ Јасност и соодветност на целите |
| **7.3** | **Развојно планирање** | |

## Подрачје 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

***Инидикатор 7.1 Управување и раководење со училиштето***

- Управување со училиштето
- Раководење со училиштето

**Прегледани документи**

- ✓ Деловник за работа на училишниот одбор
- ✓ Статут на училиштето
- ✓ Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор
- ✓ Самоевалуација
- ✓ План за развој на училиштето
- ✓ Интервју со УО
- ✓ Интервју со директорот
- ✓ Информирање на вработените за одлуките на УО - записници од наставнички совет
- ✓ Програма за работа на директорот
- ✓ Пограма за професионален

**Собрани податоци**

**Управување и раководење со училиштето**

Структурата на раководење во училиштето се состои од: Училишен одбор, Совет на родители, директор на училиштето и помошен директор во стручното образование.

Училишниот одбор е составен од 11 члена од кои четворица претставници од наставниците, двајца од основачот (Општина Свети Николе), еден претставник назначен од МОН, тројца претсавници од Советот на родители и еден претставник од бизнис заедницата.

Структурата за управување во училиштето одговара на сите параметри т.е половата застапеност е правична. Во структурата на раководење и управување со училиштето по однос на националниот состав сите се Македонци.

Надлежности за управување и административни задачи се јасно дефинирани и се во склад со Законот за средно образование.

Раководниот тим при разрешувањето на проблемите во училиштето е во постојан контакт и консултации со вработените во училиштето, а особено со наставничкиот кадар.

Консултации се вршат со: училишен одбор, советот на родителите,

развој на директорот

- ✓ Годишна програма за работа на училиштето
- ✓ Програма за работа на стручните соработници
- ✓ Записници од состаноци на раководниот тим
- ✓ Одлука за именување на раководители за настава
- ✓ Одлуки за вработените за извршување на одредени задачи кои се во интерес на развојот на училиштето

наставничкиот совет, советите на паралелките и други комисии и работни групи.

Состаноци на раководниот тим се одржуваат редовно и по потреба. Членовите се редовни на состаноците, така што нема случаи на одлагање на истите. Состаноците ги води претседателот на органот или претседателот на соодветното тело, а во негово отстуство состанокот го води заменикот на претседателот.

За обезбедување на присуство на членовите се грижат стручните лица во училиштето, како и директорот на училиштето. На состаноците редовно присуствува и директорот на училиштето, стручниот соработник, секретарот, а по потреба и други административни работници.

Училиштето се залага за исполнување на нови проекти,го потикнува работењето на наставниците на полето на изготвување на проекти,унапредување на информатичка технологија,зајакнивање на образовните техники и методи.

Сето тоа е поткрепено со обуки на професорите кои своето знаење го презентираат преку учество на многу проекти на државно и меѓународно ниво.

Раководниот тим остварува соработка со сите субјекти кои го сочинуваат наставниот процес во училиштето.

Комуникацијата и соработката со наставниците се одвива секојдневно преку секојдневните контакти и преку наставнички совет на кој се донесуваат заклучоци и одлуки кои раководниот тим е должен да ги реализира.

Со родителите соработката е преку Одборите на родители на паралелките, Одбори на родители на годините и Советот на родители.

Учениците преку класните заедници и Младинската училишна заедница остваруваат соработка со раководниот тим и со стручната служба.

Извршена е анкета со наставниот кадар (23),интервју со директорот и претседателот на Училишниот одбор,преку кои се согледува работата на директорот како раководен орган и работата на Училишниот одбор како управувачки орган.

***Инидикатор 7.2 Цели и креирање на училишна политика***

**Прегледани документи**

- ✓ Статут на училиштето
- ✓ Годишна програма за работа на училиштето
- ✓ Записници со одлуки од одржани состаноци на Училишен одбор
- ✓ Закон за средно образование
- ✓ Интервју со престседател на Училишен одбор
- ✓ Записници од одражни сотаноци на Наставнички совет
- ✓ Деловник за работа на Училишен одбор
- ✓ Анкета со наставници, ученици и родители
- ✓ Правилници

**Собрани податоци**

Училиштето има Куќен ред и Правилници за диципlинска одговорност и дисциплински мерки. Се користат и позитивните законски прописи кои се однесуваат на овие прашања.

Во согласност со Куќниот ред и Правилниците класниот раководител, наставничкиот совет како и директорот можат да изречат педагошки мерки за ученикот во зависност од прекршкот.

Во училиштето нема примери за сексуално злоупотребување и дискриминација.

Одговорен за креирање на училишната политика е директорот, Училишниот одбор, социологот и педагогот. За креирање на училишната политика се информираат сите заинтересирани субјекти. Наставниците се информираат и земаат учество во крирањето на училишната политика преку Наставнички совет, родителите преку Советот на родители, а учениците преку класниот раководител и преку

Младинската училишна заедница.

За унапредување на здравјето на учениците се спроведуваат редовни систематски прегледи и вакцинирање на учениците, на класните часови се одржуваат предавања на одредени теми поврзани со здравјето, а редовна е соработката и со Црвениот крст и други здравствени институции и стручни лица (најразлични предавања, дискусии, делење на брошури, итн).

Во училиштето постои обучен тим составен од ученици волонтери во Црвениот крст. Истите земаат учество на сите организирани активности од страна на општинскиот Црвен крст (натпревари, работилници итн.).

Училиштето е подготвено за преземање на мерки за заштита, спасување и помош на луѓето, материјалните вредности и објектите во услови на нивно загрозување од разни опасности.

На учениците кои се посебно талентирани и остваруваат одлични резултати, училиштето им овозможува и организира консултации и додатна настава, учество на натпревари, и сл, а за учениците со послаби резултати се организира дополнителна настава.

Во училиштето наставата се следи на македонски јазик, а од странските јазици како прв се изучува англискиот јазик, а како втори се изучуваат францускиот (во сите години) и италијанскиот јазик (четврта година).

***Инидикатор 7.3 Развојно планирање***

**Прегледани документи**

- ✓ Годишната програма за работа на училиштето
- ✓ Развојна програма
- ✓ Дневник на паралелката
- ✓ Годишни звештаи за работата на училиштето
- ✓ Записници од: - Наставнички совет - Училишен одбор - Совет на родители

**Собрани податоци**

**7.3.1. Цели на развојното планирање**

Одговорен за годишното планирање е директорот и училишниот одбор.

Во изготвување на годишното планирање учествуваат директорот на училиштето, социологот и тим од социологот и одредени наставници. Годишното планирање ги опфаќа сите податоци кои се потребни реално да ја прикажат сликата за училиштето.

При планирањето се имаат во предвид просторните капацитети, бројот на учениците, паралелките, наставниот кадар, распределбата на часови, нагледните средства и материјали.

Планирањето се базира врз објективни податоци. Планирањето е реално затоа што се планира она што може да се реализира.

Се планира и уписната политика на кој начин би се зголемил бројот на учениците особено во стручните паралелки и новитетите со дуалното образование.

Реализирањето на планираното постојано се следи од директорот на училиштето, од социологот, наставниците, училишниот одбор, советот на родители, учениците родителите итн.

**Подрачје 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- ✓ Во училиштето постојат услови за демократско одлучување;
- ✓ Соработката со сите субјекти во училиштето е добра;
- ✓ Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето;
- ✓ Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет
- ✓ Во остварувањето на целите на училиштето се вклучени сите субјекти;
- ✓ Има современи наставни средства кои овозможуваат квалитетна настава;
- ✓ Условите за работа задоволуваат;
- ✓ Подобри можности на учениците за напредување во практична работа со дуалното образование;
- ✓ Училишните простории овозможуваат реализација на наставни и вonнаставни активности ;
- ✓ Училишните простории адекватно се одржуваат и се на високо ниво од функционален, естетски и хигиенски аспект.
- ✓ Библиотеката е добро опремена и претставува поддршка на наставниот процес.
- ✓ Постојано се ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата;

**Слаби страни:**

- ✓ Недоволба оспособеност на наставниците и стручните соработници за работа со ученици со посебни потреби;
- ✓ Неможност во целос да се реализира  настава според наставните планови и програми по спорт и спортски активности поради немање на спортска сала;
- ✓ Намалена транспарентност во работата на Училишниот одбор:
- ✓ Недоволно учество на родителите во разни активности во училиштето
- ✓ Нецелосна покриеност со  интернет во зградите каде се стручните паралелки;
- ✓ Намалена ефикасност во работата на стручната служба (поради технички и човечки ресурси)
- ✓ Непостоење на правилник за наградување на наставниот кадар

**Подрачје 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА**

***Анализа на резултатите***

Надлежностите на членовите на училишниот одбор се јасно дефинирани во Законот за средно образование и статутот на училиштето. Тие се почитуваат и се извршуваат во нашето училиште

Состаноците на Училишниот одбор се одржуваат со мнозинство од членовите и одлуките се донесуваат најчесто едногласно. Доколку нема кворум состанокот се одложува, што пртставува реткост за училишниот одбор

За успешно функционирање и организирање на работата на училиштето донесени се интерни правилници кои се во согласност со Законот за средното образование и Стаутот на училиштето (Правилник за наградување и оценување на учениците, Правилник за користење на учебници, Правилник за начинот за користење на компјутери и надомест на штета, Правилник за организирање на ескурзии, Куќен ред во училиштето).

Директорот заедно со помошниот директор за стручно образование и стручната служба (педагог, психолог и социолог) успешно ги согледуваат, координираат и ги обединуваат различните погледи и потреби на сите вклучени страни во образовниот процес.

Целите и приоритетите кои се поставени во програмските документи на училиштето (Програмата за работа на училиштето и развојниот план на училиштето ) се реално и објективно дефинирани

Извршени се повеќе обуки и семинари за наставниот кадар,од кој некој се одржуваа онлајн во претходниот период ,а некој со физичко присуство.

Училиштето врши континуирана поправка и набавка на материјално- технички средства во зависност од количината на расположливите финансиски средства.

За подобрување на квалитетот на наставата потребни се доопремување на кабинетите, како и реализација на практичната настава.

***<u>Приоритетни подподрачја</u>***

- ✓ *Стручно усовршување на наставниците и наставни програми за ученици со посебни потреби;*
- ✓ *Зголемување на учеството на родителите во разни активности во училиштето;*

Потпис на членовите на комисијата:

1. Ристе Панев_____________

2. Јасмина Јованчева________

3. Горан Мијалковски________

4. Александар Трајчев_______

## ПРЕДЛОГ-МЕРКИ

- ✓ *Јакнање на соработката со бизнис секторот и аплицирање на проекти за обезбедување услови за целосно реализирање на програмите од образовно работната практика*
- ✓ *Организирање на предавања, работилници и дебати на теми актуелни за младите*
- ✓ *Покренување на иницијативи за измена и дополнување на наставните планови и програми упатени до БРО и ЦСОО*
- ✓ *Изработка и аплицирање со проекти во насока на обезбедување на простор за реализирање на наставните планови и програми за спорт и спортски активности*
- ✓ *Унапредување на интегрираното учење во наставата*
- ✓ *Обезбедување на лични асистенти за учениците со посебни потреби како и училишен дефектолог.*
- ✓ *Подобрување на вештините на наставниците за нови наставни форми, методи и техники и идентификација на надарените ученици.*
- ✓ *Подобрување на следењето на учениците кои го завршиле училиштето*
- ✓ *Опремување на училиштето со компјутери и други нагледни дигитални и аудио визуелни средства*
- ✓ *Подобрување на интерактивноста и стекнувањето на образовни знаења за практична применливост на знаењата*
- ✓ *Создавање на услови за подобрување на практичната настава и кабинетска набавка по стручните предмети*
- ✓ *Подобрување на соработката со бизнис заедницата , соработката со научни институции и други сродни организации*

- ✓ *Обезбедување на поголем број надгледни средства*
- ✓ *Интензивирање на соработката со сродни училишта во Македонија и надвор од неа*
- ✓ *Поинтензивно вклучување на ученичката заедница и останатите ученици во организирањето на разни активности и проекти*
- ✓ *Изработка и аплицирање со проекти во насока на обезбедување на простор за реализирање на наставните планови и програми за спорт и спортски активности*
- ✓ *Опремување на сите училници со смарт табли за потребите на наставниот процес;*
- ✓ *Адаптирање на библиотеката во медиотека и осовремување на библиотечниот фонд со стручна литература;*
- ✓ *Адаптирање на помошни простории (соблекувална) за учениците од земјоделската зграда;*
- ✓ *Воспоставување на хармонична средина во која ќе може непречено да се организира воспитно-образовниот процес и да се постигнуваат предвидените цели и резултати.*
- ✓ *Адаптирање на библиотеката во медиотека и осовремување на библиотечниот фонд со стручна литература;*
- ✓ *Адаптирање на помошни простории (соблекувална) за учениците од земјоделската зграда;*
- ✓ *Подобрување во транспарентноста на работата на Училишниот одбор*
- ✓ *Подобрување на работата на стручната служба*
- ✓ *Стручно усовршување на наставниците и наставни програми за ученици со посебни потреби*
- ✓ *Зголемување на учеството на родителите во разни активности во училиштето*

Комисијата, Извештајот од извршената самоевалуација на работењето на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, до директорот на училиштето и до основачот.

Потпис на членовите на комисијата:

1. Николов Игор ___________________________

2. Трајкова Сонја ___________________________

3. Митрова Зојица ___________________________

4. Лазева Митева Оливера ___________________________

5. Јасмина Тодосовска___________________________

6. Здравкова Сунчица ___________________________

7. Маркова Ангела ___________________________

8. Ристе Панев___________________________

***<u>ИЗВЕШТАЈ</u>***

**Подрачје 1: НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

**Резултати**

**Клучни јаки страни**

- ✓ Наставните планови и програми од МОН се реализираат според планот за реализација
- ✓ НПП се достапни за наставниците, учениците и родителите
- ✓ Учениците имаат целосна слобода за избор на програмски подрачја и проектни активности
- ✓ Во нашите наставни планови по одредени предмети постојат тематски целини или наставни единици кои го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло
- ✓ Училиштето врши прилагодување на наставните планови со потребите на локалната средина
- ✓ **Училиштето овозможува посета на семинари и спроведува дисеминација**
- ✓ Во вонннаставните активности учениците земаат активно учество без разлика на пол, верска и национална припадност, се пронаоѓаат себе си како личности со нови афинитети од разни области, несебично се докажуваат преку своите знаења како теоретски така и практични, афирмирајки ја индивидуалната, а исто така и колективната моќ на заедницата во училштето
- ✓ Постои инклузивна клима која придонесува воспитно-образовниот процес да се одвива во целост за учениците со посебни образовни потреби.

**Клучни слаби страни**

- ✓ Немање на целосно адаптирани услови за реализирање на

програмите по образовно работна практика

- ✓ Непостоење на мотивација за покренување на иницијативи за измени и дополнувања во постоечките НПП
- ✓ Немање на сопствен простор за реализирање на наставните програми по спорт и спортски активности во зимскиот период
- ✓ Недоволна застапеност на интегрираното учење во наставата
- ✓ Недоволен број на работилници,дебати,интерактивни предавања на тема превенција од дрога и други зависности,трговија со луѓе, сексуално преносливи болести, како и други актуелни теми што се од интерес на младите
- ✓ Непостоење на процедура за следење на поминати обуки и семинари на професорите
- ✓ Немање на дефектолог и асистенти за сите ученици со посебни потреби

**ПОДРАЧЈЕ : НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**

**Анализа на резултатите**

. Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми во гимназиското образование. Стручното образование за застапените струки и профили кај нас наидува на одредени проблеми при реализацијата на програмата по образовно работна практика, што со воведувањето на дуалните паралелкин, делумно се подобрува. Сите наставници ги предаваат своите наставни планови и програми во пропишаниот временски рок. Педагошката евиденција и докумументација се ажурира во согласност со законските и нормативни акти , како и согласно календарот за работа излезен во сл.весник.

Училиштето изготвува акти кои допринесуваат за реализација на основната дејност

( воспитно – образовна), но и акти кои треба да ја подобрат работата во целост (инструменти за следење на наставата, анкетни листови и сл).

Во годишната програма во подрачјето соработка со локалната средина програмски ги прилагодуваме наставните содржини за општествено корисна работа како и за манифестации кои се оранизирани за одбележување на историски и културни манифестации.

Наставниците добиваат поддршка за подобрување и осовременување на наставните планови и програми, преку семинари, проекти, работилници, советувања–интерни и организирани од БРО и ЦСОО. БРО и ЦСОО даваат поддршка на наставниците и преку

изготвени предлог програми и подготовки за час.

Интегративен пристап кон содржините на повеќе наставни предмети постои но, тоа се случува главно индивидуално, бидејќи нема поконкретна соработка мегу наставниците кои предаваат различни предмети. Најчесто наставниците ја наведуваат корелацијата во планирањето но, директна соработка изостанува.

Сумарните резултати од спроведената анкета наговестуваат дека има потреба од извесни промени во наставните планови и програми т.е нивно осовременување, проблематика за која се надлежни МОН,БРО и ЦСОО ,меѓутоа и дека треба да се зголеми поддршката за стручните активи од страна на раководството на училиштето, БРО и ЦСОО за покренување на иницијативи за измени и дополнување на НПП.

Воннаставните активности во училиштето се взаемно поврзани со училишните,регионалните и државните натпревари бидејќи истите му овозможуваат на ученикот побрзо да напредува и се усовршува во одредени области .Овие активности се особено значајни и за подготвувањето на различни училишни манифестации каде што учествуваат голем број на ученици. Се почесто и побројно е учеството на ученици и наставници во проекти од Erazmus +програмата.

Иако локалната самоуправа е таа што дозволува егзистирање на одредени наставни профили и воведување на нови, сепак крајниот збор за функционирањето на наставните профили го има МОН кое често пати не се се согласува со барањата на училиштето и локалната самоуправа.

**Приоритетни подподрачја**

- ✓ Јакнење на соработката со бизнис секторот и аплицирање на проекти за обезбедување услови за целосно реализирање на програмите од образовно -работната практика
- ✓ Организирање на предавања, работилници и дебати на теми актуелни за младите
- ✓ Покренување на иницијативи за измена и дополнување на наставните планови и програми упатени до БРО и ЦСОО
- ✓ Изработка и аплицирање со проекти во насока на обезбедување на простор за реализирање на наставните планови и програми за спорт и спортски активности
- ✓ Унапредување на интегрираното учење во наставата
- ✓ Обезбедување на лични асистенти за учениците со посебни потреби, како и училишен дефектолог

**Подрачје 2: ПОСТИГАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Резултати**

| **Клучни јаки страни** |
|---|
| ✓ Редовно следење и вреднување на постигнувањата на учениците. |

- ✓ Примена на најразновидни форми и методи во наставата.
- ✓ Користење различни инструменти за следење и оценување на постигнувањата.
- ✓ Редовно информирање на учениците и родителите за нивните постигања.
- ✓ Нема големо осипување/повторување на учениците

**Слаби страни**

- ✓ Недостаток од едуцираност на наставниците и немање на програма за идентификација на надарени ученици .
- ✓ Не се врши следење на учениците кои го завршиле училиштето.
- ✓ Стручната служба не ги поседува сите потребни информации за постигањата на учениците
- ✓ Недоволно нагледни средства за користење во наставата
- ✓ Не постои механизам за идентификација на надарени ученици , ниту програма за работа со нив

**Анализа на резултатите**

. Училиштето успешно ја реализираше програмата за двете учебни години

Во училиштето постои добра организираност на наставата. Службите и менаџментот на училиштето вршат редовно следење и вреднување на постигнувањата на учениците.

Во наставата се применуваат најразновидни форми и методи во наставата, кои зависат од условите на обавување на наставата и наставната тематика која се реализира.
Се користат различни инструменти за следење и оценување на постигнувањата на наставниците и учениците.
Училиштето редовно ги информира учениците и родителите за нивните постигања.

Не е евидентирано поголемо осипување/повторување на учениците.

**Приоритетни подподрачја**

- ✓ Подобрување на вештините на наставниците за нови наставни форми, методи и техники и идентификација на надарените ученици.
- ✓ Подобрување на следењето на учениците кои го завршиле училиштето

**Подрачје 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

**Резултати**

| Клучни јаки страни |
|---|
| ✓ Секој наставник подготвува годишно планирање кое го доставува до стручната служба на почетокот на учебната година и тематски процесни планирања кои ги доставува една до две седмици пред почетокот на секоја нова тема.<br>✓ Наставниците изработуваат критериуми и стандарди за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања.<br>✓ Наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот.<br>✓ Стручната служба ( Педагог ) најмалку двапати во едно полугодие ги следи планирањата на наставниците според утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата<br>✓ Наставниците, размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи, во разговор со колеги од колективот и во разговор со колеги од истородни предмети од други училишта.<br>✓ Во наставните планови наставниците применуваат содржини од ИКТ програма ;<br>✓ Се применуваат најразновидни форми и методи во наставата;<br>✓ Прифатен е и се почитува Етичкиот кодекс за оценување на постигањата на учениците<br>✓ Учениците се мотивираат за учество во литературни и ликовни конкурси, како и за натпревари на знаења.<br>✓ Се следи и евидентира напредокот на учениците и редовно се информираат родителите за постигањата на своите деца. |
| **Слабости** |
| ✓ Недоволна примена на интерактивна настава<br>✓ Недоволно стекнување на образовни знаења за практична применливост на знаењата |

ПОДРАЧЈЕ : УЧЕЊЕ И НАСТАВА

| Анализа на резултатите |
|---|
| . За реализација на наставните планови и програми, наставниците ги прават следните планирања: годишен глобален план, тематски планирања и дневни оперативни планови. Во училиштето, сите наставници имаат изготвени годишни планирања според работниот календар, кои до 15 Септември секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба. Тематските планирања ги доставуваат до 15 Септември или една до две седмици пред започнување на секоја нова тема.<br><br>Дневните оперативни подготовки наставниците ги прават секојдневно, а во нив ја |

разработуваат содржината што ќе ја предаваат, целите што треба да се постигнат, групирани според Блумовата таксономија, како и методите и формите на наставна работа. Најголем дел од наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час. Сите планирања на наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на темата и часот. Сите наставници изработуваат и критериуми за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања, со што на учениците и родителите им се дава до знаење кои цели треба да ги постигнат за соодветна оценка. На овој начин се постигнува поголема транспарентност, јасност и доследност во оценувањето на учениците.

Стручната служба ги чува планирањата на наставниците во посебни досиеја за секој наставник. Следењето на планирањата на наставниците го врши училишниот педагог. Еднаш или двапати во текот на едно полугодие од страна на училишниот педагог се врши проверка на планирањата на наставниците. Дел од работните обврски на училишнио педагог е и поддршката што им ја дава на наставниците за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето, за што има пропишани приоди и утврдени процедури.

Поддршката на наставниците се гледа и во организирање обуки во училиштето и преку посета на семинари на дел од наставниците кои потоа извршуваат десеминација на останатите наставници. Темите се во врска со планирањата и оценувањето, формативното и сумативното, примена на ИКТ во наставата, менаџмент во училница и други.

Наставниците, размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи, во разговор со колеги од колективот и во разговор со колеги од истородни предмети од други училишта. Се применуваат и укажувањата и насоките на советниците.

Распоредот на часови го прави еден наставник од училиштето во консултација со директорот, стручната служба и наставниците. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети на училиштето, изедначување на бројот на часови меѓу паралелките заради застапеноста на изборните предмети во редовната настава.

**Приоритетни подподрачја**

- ✓ Опремување на училиштето со компјутери и други нагледни дигитални и аудио визуелни средства
- ✓ Подобрување на интерактивноста и стекнувањето на образовни знаења за практична применливост на знаењата

**Подрачје 4: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Резултати**

**Клучни јаки страни**

- ✓ Училиштето ги подготвува учениците за понатамошното образование.
- ✓ Учениците од стручните паралелки преку зголемен број на практичната настава која ја следат, директно се оспособуваат за пазарот на трудот, како и да бидат конкурентни на истиот.
- ✓ Соработка на училиштето со локални фирми за следење на практичната настава за машинската и хемиско-технолошката струка.
- ✓ Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на изворот ( на пр. семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството ...).
- ✓ Училиштето соработува со здравствени установи, Центар за социјални работи и други организации и компетентни институции.
- ✓ Училиштето води евиденција за напредокот, постигнувањата, редовноста и поведението на учениците која е достапна за сите заинтересирани страни
- ✓ Реновиран училишен дом со услови за сместување и храна за ученици од други општини.

**Слабости**

- ✓ **Мал број на нагледни средства за кабинетска настава , особено по стручните предмети**
- ✓ **Недоволни услови за спроведување на практичната настава по предметот Учење преку работа кај работодавач за профилот Агроменаџмент / Агротехничар**

**ПОДРАЧЈЕ: ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**
**Анализа на резултатите**

Училиштето нема процедури за проверка на храната освен храната што се нуди во училишната менза. Училиштето води севкупна грижа за учениците во училиштето, се грижи и труди да обезбеди квалитетна настава со скромните ресурси кои ги поседува училиштето, се грижи за хигиената и уредноста на просториите во кои се изведува наставата и училишниот двор, се грижи за безбедноста и зачувувањето на здравјето на учениците. Училиштето се грижи за квалитетот на храната во училишниот дом и се труди да обезбеди пристојни услови за сместување и благосостојба на учениците.

Училиштето има пропишани процедури за грижа на учениците со посебни потреби. Училиштето соработува со родителите во обезбедување на грижата. Советодавна помош во училиштето добро се спроведува. Во програмските документи се предвидени програмски активности за професионална ориентација. Овие

активности се составен дел на програмата на стручната служба, програмата на директорот и раководителите на паралелките.
Наставниците водат уредна евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, што може да се види во електронскиот дневник , а воедно и во главните книги во архива , кои се уредно пополнети и проверени од страна на стручната служба, како и од евидентните листови кои им се доделуваат на учениците на секој квартал од учебната година. Секој наставник води индивидуална евиденција на напредокот на учениците врз основа на сопствените проценки

**Приоритетни подподрачја**

- ✓ Создавање на услови за подобрување на практичната настава и кабинетска набавка по стручните предмети;
- ✓ Подобрување на соработката со бизнис заедницата , соработката со научни институции и други сродни организации;
- ✓ Подобрување на условите за сместување во ученичкиот дом

**ПОДРАЧЈЕ 5: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

**Резултати**

**Клучни јаки страни**

- ✓ Високо стручен и професионален наставен кадар
- ✓ Соработка меѓу колегите
- ✓ Учество на разни општински, државни и меѓународни натпревари и освојување на многубројни награди
- ✓ Соработка со стручна служба
- ✓ Соработка со локалната заедница
- ✓ Редовно информирање на учениците и родителите
- ✓ Почитување на правата на децата
- ✓ Постојано следење на личните постигања на учениците и на училиштето

**Слабости**

- ✓ Проследено е недоволно ангажирање на Ученичката заедница и останатите ученици во организирањето на разни активности и проекти

- ✓ Постои недоволна соработка со училишта од другите земји.

ПОДРАЧЈЕ: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

| **Анализа на резултатите** |
|---|
| Во училиштето постои професионална соработка помеѓу наставниците што се изразува со тимска работа, која придонесува за позитивна атмосфера во училиштето. Исто така односот меѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување. Сите ученици се прифатени во училиштето без оглед на полот, способностите, социјалната култура, етничката припадност и вера.<br><br>Редовноста и дисциплината се надминуваат преку индивидуални разговори со учениците, родителите, класниот раководител и сручната служба. Наставниците скоро секогаш успешно се справуваат со дисциплината и редовноста на учениците. Но, понекогаш проблемите со дисциплината и редовноста резултираат со изрекување на соодветни педагошки мерки, согласно Законот за средно образование и Правилникот за начинот на изрекување на педагошките мерки во присуство на класниот раководител, ученикот, родителот и стручната служба.<br>Училиштето презема активност за да ги промовира личните постигања на учениците, преку континуирано следење и евидентирање на истите. Наставничкиот кадар ја организира средината за учење и очекува солидни постигнувања, редовност и дисциплина на учениците. Делумно учениците имаат очекувања за повисоки постигнувања во нивното оценување. Сите видови активности, учества, постигања и успеси на учениците се резултат на несебичното ангажирање на наставниот кадар и нивните ментори. Учениците кои постигнуваат успех, се афирмираат самите себе, а со тоа го промовираат и училиштето.<br>Училиштето има свој правилник и кодекс на однесување според кој сите ученици имаат подеднакви права, без оглед на полот, етничката припадност и социјалниот статус. Сите вработени во училиштето ги познаваат и почитуваат правата на учениците, при што кон сите ученици имаат респект, кој се засновува на односот на наставникот како педагог да делува во сите ситуации во училиштето.<br><br>Во разговорот со вработените од стручната служба се добија информации за подеднаквиот третман кон сите ученици кој започнува уште со доаѓањето на учениците во училиштето. Сите ученици без разлика на полот, етничката припадност и социјалниот статус може самите да ја изберат својата струка и да се докажат во истата. Во текот на образованието , учениците можат да добијат помош од педагог, психолог и социолог кои се секојдневно во училиштето. Рамноправниот однос кон сите родители не се манифестира преку нивно вклучување во сите училишни наставни и воннаставни активности. На индиректен начин , со други методи, целта е да се подигне свеста и интересот кај сите родители, за што поактивно и поконтинуирано да делуваат со свои идеи и предлози како и со лични залагања и придонеси, со што партнерскиот |

однос би ја зголемил заемната доверба, културата во комуникацијата и секако најмногу од сè во полза на учениците, доаѓање до нови решенија за одредени ситуации и со нивна помош осознавање на проблеми за кои наставниците немале сознанија.

Нашите ученици земаат учество во сите настани иницирани од локалната заедница со свои музички, драмски, рецитаторски, спортски, ликовни и други содржини. Учествуваат и во одбележување на сите позначајни општествени и културни датуми. Училиштето соработува и со деловната заедница. Во последно време расте интензитетот на соработка со невладиниот сектор со којшто создава добра комуникација и се гради солидна основа за конструктивност врз цврстата и нераскинлива врска којашто секако започнува од образованието. Со вклучување на наши ученици во одредени проекти, тие постепено се запознаваат со општествените законитости, со нивните права, но и обврски.

**Приоритети**

- ✓ Интензивирање на соработката со сродни училишта во Македонија и надвор од неа
- ✓ Поинтензивно вклучување на ученичката заедница и останатите ученици во организирањето на разни активности и проекти

**ПОДРАЧЈЕ 6: РЕСУРСИ**

**Резултати**

**Клучни јаки страни**

- Соработката на раководниот тим со останатите субјекти во училиштето се одвива непречено, а се одржуваат и добри односи со јавноста ( промоција на училиштето)
- Училиштето има обезбедено доволен број на наставен кадар за непречено одвивање на наставниот процес;
- Наставниците ефективно даваат придонес во поглед на тимската работа и во рамките на стручните активи;
- Училиштето развива меѓународна соработка со помош на проектите реализирани од програмата Еразмус+ и успешно ги реализира истите.
- Снабдувањето на училиштето со електронски табли.
- Реконструкцијата на едната зграда во која се одвива наставата за стручното образование.

**Слабости**

- Недостасток од фискултурна сала и во стручниот дел;
- Недоволна опременост на училниците со компјутери и други нагледни и аудио-визуелни средства;
- Недостаток на нагледни средства и помагала;
- Недостаток од дополнителни обуки за усовршување на наставниот кадар, а воедно и на наставниот процес.

ПОДРАЧЈЕ 6: РЕСУРСИ

| **Анализа на резултатите** |
|---|
| Средното општинско училиште „Кочо Рацин“ располага со капацитети оптимално искористени и достапни за користење на сите членови на училиштето. Наставата се реализира во две просторно оддалечени училишни згради.<br>Училиштето има план и распоред за употреба на расположливите средства и капацитети за изведување на наставата. Наставата се изведува во една смена.<br>Училиштето располага со стручна литература којашто по број и квалитет делумно ги задоволува потребите на учениците и наставниците. Стручната литература е застарена. Книжниот фонд делумно ги задоволува потребите на учениците.<br>Наставни помагала има во мал број, а повеќето од нив се дотраени или се надвор од функција.<br>Резултатите покажуваат дека е потребно да се набави дополнителна ИКТ опрема за непречено одвивање на ИКТ наставата.<br>Сите наставници се стекнати со педагошка, психолошка и методска квалификација за извршување на наставниот процес освен наставниците- приправници. Работата на нставниот кадар е соодветно надополнета и олеснета од страна на административно-техничкиот персонал.<br>Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка.<br>Училиштето води стратегија за обезбедување на професионалниот кадар и ја обезбедува потребната поддршка согласно колективните и индивидуалните потреби на наставниците.<br>Поддршката на наставниците се гледа и во организирање обуки во училиштето и преку посета на семинари на дел од наставниците кои потоа извршуваат десеминација на останатите наставници. Училиштето има внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот за нивен професионален развој. Постои Правилник за наградување-се доделуваат признанија и благодарници за активно и континуирано учество во интерни проекти и активности.<br><br>Постапките поврзани со финансиско работење коишто ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи. |
| **Приоритетни подподрачја** |
| ➢ Изработка и аплицирање на проекти во насока на обезбедување на простор за реализирање на наставните планови и програми за спорт и спортски активности.<br>➢ Опремување на сите училници со смарт табли за потребите на наставниот процес;<br>➢ Адаптирање на библиотеката во медиотека и осовременување на библиотечниот фонд со стручна литература |

- Адаптирање на помошни простории ( соблекувална ) за учениците од земјоделската зграда
- Воспоставување на хармонична средина во која ќе може непречено да се организира воспитно-образовниот процес и да се постигнуваат предвидените цели и резултати.

**ПОДРАЧЈЕ 7:** УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

Резултати

| **Клучни јаки страни** |
|---|
| ✓ Во училиштето постојат услови за демократско одлучување;<br>✓ Соработката со сите субјекти во училиштето е добра;<br>✓ Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето;<br>✓ Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет<br>✓ Во остварувањето на целите на училиштето се вклучени сите субјекти;<br>✓ Има современи наставни средства кои овозможуваат квалитетна настава;<br>✓ Условите за работа задоволуваат;<br>✓ Подобри можности на учениците за напредување во практична работа со дуалното образование<br>✓ Училишните простории овозможуваат реализација на наставни и воннаставни активности ;<br>✓ Училишните простории адекватно се одржуваат и се на високо ниво од функционален, естетски и хигиенски аспект.<br>✓ Библиотеката е добро опремена и  претставува поддршка на наставниот процес.<br>✓ Постојано се ревидира планот за подобрување и осовременување на инфраструктурата; |
| **Слаби страни** |
| ✓ Недоволба оспособеност на наставниците и стручните соработници за работа со ученици со посебни потреби;<br>✓ Неможност во целост да се реализира  настава според наставните планови и програми по спорт и спортски активности поради немање на спортска сала;<br>✓ Намалена транспарентност во работата на Училишниот одбор<br>✓ Недоволно учество на родителите во разни активности во училиштето<br>✓ Нецелосна покриеност со интернет во зградите каде се стручните паралелки<br>✓ Намалена ефикасност во работата на стручната служба поради технички и човечки ресурси<br>✓ Непостоење на правилник за наградување на наставниот кадар |

ПОДРАЧЈЕ 7: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

| **Анализа на резултатите** |
|---|
| Надлежностите на членовите на училишниот одбор се јасно дефинирани во Законот за средно образование  и стаутот на училиштето. Тие се почитуваат и се извршуваат во нашето училиште<br><br>Состаноците на Училишниот одбор се одржуваат со мнозинство од членовите и одлуките се донесуваат најчесто едногласно. Доколку нема кворум состанокот се одложува, што пртставува реткост за училишниот одбор<br><br>За успешно функционирање и организирање на работата на училиштето донесени се интерни правилници кои се во согласност со Законот за средното образование и Стаутот на училиштето (Правилник за наградување и оценување на учениците, Правилник за користење на учебници, Правилник за начинот за користење на компјутери и надомест на штета, Правилник за организирање на ескурзии, Куќен ред во училиштето).<br><br>Директорот заедно со помошниот  директор за стручно образование и стручната служба (педагог, психолог и социолог) успешно ги согледуваат, координираат и ги обединуваат различните погледи и потреби на сите вклучени страни во образовниот процес.<br><br>Целите и  приоритетите кои се поставени во програмските документи на училиштето (Програмата за работа на училиштето и развојниот план на училиштето ) се реално и објективно дефинирани)<br><br>Извршени се повеќе  обуки и семинари за наставниот кадар од кои некои се одржуваа онлајн во претходниот период, а некои со физичко присуство.<br><br>Училиштето врши континуирана поправка и набавка на материјално- технички средства во зависност од количината на расположливите финансиски средства.<br><br>За подобрување на квалитетот на наставата потребни се доопремување на кабинетите, како и реализација на практичната настава. |
| **Приоритетни подподрачја** |
| • Стручно усовршување на наставниците и наставни програми за ученици со посебни потреби;<br>• Зголемување на учеството на родителите во разни активности во училиштето; |